„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

Емисијата „Трета доба“ се емитува на МРТ 1 во сабота од 13:20 часот, а наредната сабота оди репризата

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ
# ПЕНЗИОНЕР плус
29 јули 2022 година
број 168
Година XV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

NLB Banka

# Во првото полугодие од 2022 година во Сојузот реализирани голем број активности

***Со средствата од приходите се покриени вкупните расходи и се извршени зацртаните цели и задачи предвидени со Програмата за работа на Сојузот за 2022 година. По дискусијата од приложениот Предлог-извештај се заклучи дека средствата се рационално користени.***

Врз основа на член 23 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Извршниот одбор на Сојузот ја одржа 32–та седница на 18.7.2022 година. На неа присуствуваа и м–р Илија Адамоски, претседател на Собранието, Митре Стојановски, претседател на Надзорниот одбор и Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ, а истата ја раководеше претседателката на Извршниот одбор и на Сојузот Станка Трајкова.



Седницата со право може да се окарактеризира како извештајна бидејќи на неа беа анализирани повеќе извештаи и беше направена анализа на реализираното во првото полугодие од 2022 година.

Најнапред беше разгледан Предлог–извештајот за остварените приходи и извршените расходи за периодот јануари – јуни 2022 година на Сојузот. Воведно излагање имаше секретарот на СЗПМ Менка Темелковска, која рече:

– Во првото полугодие од оваа 2022 година, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа во 2022 година, и во рамките на Финансискиот план утврден за 2022 година. За реализирање на целите и задачите во овој период остварени се следните приходи и расходи, и тоа:

1. ВКУПНИ ПРИХОДИ 4.626.368 денари
2. ВКУПНИ РАСХОДИ 4.428.934 денари

Вкупните приходи во периодот јануари – јуни 2022 година се остварени во износ од 4.626.368 денари и истите се извршени со 48,3% во однос на планираните приходи за 2022 година. Во наведениот извештаен период остварени се тековни приходи во износ од 4.626.368 денари, а вкупните расходи изнесуваат 4.428.934 денари.

Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот, укажува на фактот дека во 2022 година се одвиваа сите активности, согласно со Статутот и Програмата за работа на Сојузот за 2022 година, иако некои од нив беа со редуцирана содржина поради вирусот ковид–19, како и поради рационално користење на средствата. По извештајот го произнесе и претседателот на Надзорниот одбор Митре Стојаноски, кој рече:

– Извештајот за остварените приходи и расходи во периодот од јануари – јуни 2022 година е сеопфатен и јасно се прикажани сите приходни и расходни ставки. Забележливо е рационално, законито и наменско користење на средствата, притоа не се забележани неправилности во работењето.





По дискусијата Предлог–извештајот беше едногласно прифатен.

Потоа претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при ИО на СЗПМ Здравко Петковски поднесе Извештај за одржаните 26. регионални спортски натпревари кои се остварија оваа година, и рече:

– Благодарение на искуството стекнато во изминатите години 26–ите регионални спортски пензионерски натпревари поминаа на задоволително ниво со ентузијазам и желба за победа. Овие спортски натпревари се одржаа со редуцирана програма, исклучувајќи ги дисциплините шах и тегнење јаже, каде што не може да се обезбеди потребно растојание меѓу натпреварувачите поради присуството на пандемијата, со ограничување на пензионерите кои не се вакцинирани. Регионалните натпревари во сите 8 региони се одржаа во временскиот период од 21 мај до 19 јуни 2022 година. На годинашниве регионални натпревари учествуваа 1 348 натпреварувачи од кои 804 во машка и 544 во женска конкуренција и тоа од сите 53 здруженија, членки на СЗПМ. Учесниците се натпреваруваа во 9 спортски дисциплини и во 19 категории. Републичките натпревари ќе се одржат на 14.9.2022 година во Охрид, во спортско–рекреативниот центар „Билјанини Извори“, а во пресрет на Денот на пензионерите 20 септември. Ќе настапат 38 здруженија на пензионери кои обезбедија право на настап освојувајќи први места на регионалните натпревари. Ќе учествуваат вкупно 280 натпреварувачи од кои 144 во машка и 136 во женска конкуренција.

За истакнување е и фактот што во поголемиот дел од регионите (5) на регионалните натпревари беа присутни и градоначалниците. Интересно е да се истакне дека сите во своите обраќања пред присутните се произнесоа позитивно за соработката меѓу здруженијата на пензионерите и локалната самоуправа.

На седницата се донесе одлука Извештајот на Комисијата на СЗПМ за 26–ите републички спортски натпревари да се препрати до сите здруженија за да бидат отстранети некои недостатоци кои се повторуваат со години.



Согласно со Правилникот за ревии на песни, музика и игри, Извршниот одбор на предлог на Организациониот одбор одлучи ЗП Кисела Вода и ЗП Кавадарци да настапат оваа година на Меѓународниот фестивал „Трета животна доба“ во Љубљана, Р Словенија, како претставници на Сојузот. Овие две здруженија ќе добијат финансиски средства од Сојузот за подготовка и учество. Делегацијата на СЗПМ ќе биде во состав: Ментор Ќоку, потпретседател на ИО на СЗПМ и д–р Димитар Димитриевски.

На седницата се донесе одлука и за финансиска поддршка на ЗП Радовиш и Конче за организирање на средбата во Ораовица и на ЗП Кочани за средбата во месноста Пантелеј. Сојузот му додели и финансиски средства за материјална поддршка и на ЗП Виница, за средбата во с. Драгобрашти.

**К.С. Андонова**

ЗП Дојран

# Над 2 000 пензионери на оро и покрај дождот

Песната, музиката и дружењето не познаваат разлика во години, ниту се битни временските услови. Дождливото време не ги спречи повеќе од 2 000 пензионери од сите краеви на нашата држава членови на голем број здруженија членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, да присуствуваат и да се дружат на традиционалната пензионерска средба која се одржа на 9.7. 2022 година на плоштадот под јаворите во Стар Дојран. Оваа средба е особено значајна поради тоа што дава можност за дружење, социјализација и подолг и поквалитетен живот на пензионерите.



На средбата свое обраќање имаше градоначалникот на Општина Дојран Анго Ангов кој ги поддржува сите пензионерски настани и Претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Станка Трајкова, која ги поздрави присутните и им посака убаво дружење.

Дружбата на пензионерите која се одржа во Стар Дојран траеше до доцните попладневни часови со организиран настап на музички групи, меѓу кои музичките групи „Распеани Дојранчани“, Атице Муратова и групата „Астра бенд“.

**Г. Петровски**

ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТИВНОСТИ стр. 2

ИНТЕРВЈУ СО МИНИСТЕРКАТА НА МТСП, ЈОВАНА ТРЕНЧЕВСКА стр. 3
ТРИБИНА стр. 4

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП ЧАИР стр. 5
СОРАБОТКА НА СЗПМ СО ФПИОСМ И ДРУГИ стр. 7
ИЗВЕШТАЈ ОД XXVI РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ стр. 8 и 9

ГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА КУД „НИКОЛА БАДЕВ“ стр. 10
ИНФО стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ПАНОРАМА стр. 13
ЗАБАВА стр. 15
ВИДИЦИ стр. 15

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
18 август
- Прилог за пензионери во „Коха“
26 август
„Пензионер плус“

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

ЗП Центар

# Наскоро нов пензионерски клуб

Деновиве се одржа работна средба меѓу градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски и раководството на ЗП Центар предводена од претседателот на здружението Злате Стефановски.



На оваа средба најнапред беше нагласено заемното задоволство за успешната соработка на пензионерите од општината со локалната самоуправа. Како резултат на тоа беше потпишан и Договор меѓу ЗП Центар и Општина Центар за отворање на претпоследниот пензионерски клуб на подрачјето на Општина Центар. Според овој Договор, наскоро ќе се отвори пензионерски клуб во огранокот Гоце Делчев во катната гаража Судска палата. Со тоа, како што истакна градоначалникот Герасимовски, два од ветените три клубови, им се ставаат на располагање на повозрасните сограѓани во општината.

На овој состанок беше изнесена и благодарноста кон ЈП Паркинзи Општина Центар кое го отстапи просторот за да биде ново место за дружување, забава и рекреација на пензионерите од центарот на Скопје.

И секако и двете страни изразија подготвеност да продолжат со реализација на останатите проекти во интерес на граѓаните од постарата популација.

Како што истакна и претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски, на подрачјето на нивното здружение, останува да се отвори и последниот Клуб во огранокот Невена Георгиева – Дуња за кој всушност преговорите се во тек. Со него во општината ќе има вкупно 8 клубови, во осумте ограноци според територијалната припадност кон месните заедници.

**Ц. Илиева**

ЗП Чаир

# Усвоени повеќе информации и одлуки

На почетокот на месец јули, Извршниот одбор при ЗП Чаир ја одржа 7-мата седница, во клубот во Пензионерскиот дом во Топанско Поле. На неа, која ја раководеше претседателот на ЗП Чаир Тодор Илиев, беа разгледани повеќе прашања и донесени значајни одлуки од интерес на пензионерите. На седницата претседателот на Извршниот одбор Илиев ги поставуваше точките според дневниот ред на разгледување со образложување на секоја од нив. За дискусија се јавија повеќемина од присутните на седницата, по што дневниот ред беше усвоен.



По првата точка, претседателот на Комисијата за култура при здружението Беќуљ Сулејмани поднесе обемен извештај за учеството на Регионалната и Републичката ревија на песни, музика и игри. – По втората точка од дневниот ред информираше Тодор Илиев, кој нагласи дека е постигнат добар успех на регионалните спортски натпревари со едно прво место во скок во далечина од Рашид Идризи кој по осми пат го освојува првото место. – Се донесе одлука за купување фрижидер и други средства за новите деловни простории и за свечениот чин на вселување во нив. – За одредување на приемни денови на секретарите на ограноците во постоечката канцеларија на здружението. – Информирање за дводневна екскурзија во Албанија која произлегува од програмата за екскурзиите и организирање наградна екскурзија за спортистите и пејачите кои ќе се реализираат во септември. – Одлука за купување апарат за мерење шеќер во крвта, кој ќе служи на Комисијата за здравство да организира акции од областа на здравството.

Под точката разно, членовите на Извршниот одбор беа информирани за поканата од ЗП Радовиш и Конче, за присуство на пикник-дружење кај манастирскиот комплекс Св. Ѓорѓија кај селото Оравовица, Радовишко, која беше едногласно прифатена. Одлуките беа донесени во интерес на чаирските пензионери.

**В. Пачемски**

ЗП Крива Паланка

# Одржана седница на Извршен одбор

Во Клубот за дневен престој, извршниот одбор при ЗП Крива Паланка, ја одржа својата 13-та седница на почетокот на јули 2022 година. Со седницата раководеше претседателот на ИО и претседател на здружението Трајче Давидовски. Најнапред тој имаше излагање за успешниот настап на здружението на регионалната и републичката ревија на песни музика и игри. Тој истакна дека како домаќини на регионалната ревија, од СЗПМ е дадена позитивна оцена, дека биле добри домаќини и успешни организатори. Вокално и вокално-инструменталната група, исто така зела учество и на реномираниот фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ во Долнени.



По неговото излагање имаше дискусија, по која како заклучок беше констатирано дека вложениот труд вродил плод.

Во врска со извештајот за дваесет и шестите регионални спортски натпревари, како и за меѓуопштинските спортски натпревари зборуваше претседателот на Собранието Веселин Стојановски. Тој истакна дека на регионалните 26. спортски натпревари ЗП Крива Паланка исто така беше домаќин. Натпреварите се одржаа во с. Ранковце. Според него ова е еден голем плус за здружението, бидејќи се докажа дека и една мала рурална општина, која за прв пат е домаќин, организира успешни натпревари. На Регионалните спортски натпревари ЗП Крива Паланка освои во три дисциплини први места, со што обезбедија учество на Републичката спортска олимпијада, на која организатор е СЗПМ.

На меѓуопштинските игри помеѓу здруженијата на пензионери од Кратово, Пробиштип, Свети Николе и Крива Паланка, ЗП Крива Паланка освои прво место со најмногу освоени бодови.

И по овој извештај имаше дискусија во која им беше посакан успех на спортистите кои обезбедија учество на републичката спортска олимпијада.

На седницата се донесе одлука да се продолжи договорот на работникот во клубот, на кој за одржување на хигиената и на редот во клубот ќе му се исплаќа месечен надоместок од 6.000 илјади денари.

Исто така, се донесе одлука, да се продолжи договорот на пензионираната виша медицинска сестра, која работи секој вторник во пензионерската амбуланта и мери гликемија и притисок на секој дојден пензионер. Амбулантата е добредојдена за пензионерите кои имаат потреба.

Се донесе одлука, да се одобрат финансиски средства за печатење на уште 200 примероци на книгата „Бунтот на Кривопаланечкиот баталјон“. Средствата се одобрени во висина од десет илјади денари. Тоа го одлучи ИО бидејќи книгата е од големо значење за Крива Паланка, како и за многу учесници во тој баталјон, кои сега се членови на здружението.

**Б. Стојчевска**

ЗП Кавадарци

# Бранко Шемов, нов претседател на здружението

**● Почитуван претседателе Шемов, најпрвин ја користам можноста да ви честитам за изборот и ви посакам успешен мандат и одлична соработка со кавадаречките пензионери. Во овој контекст кажете ми колку членови има на списокот на Здружението со кои во иднина ќе ги остварувате активностите и секако во куси црти личната карта на ЗП Кавадарци?**



– Благодарам за честитките и добрата најава и веднаш да ви одговорам на прашањето. Здружението на пензионери во Кавадарци, според последните податоци со кои располагаме, има 7086 пензионери. Како приоритетни активности во работењето на ЗП Кавадарци според Статутот и Програмата за работа ќе го посочам следното: како врвен приоритет ќе ни биде изградбата на пензионерски дом на парцелата која се наоѓа кај споменикот на народните херои Киро Крстев и Димче Мирчев, до Градскиот парк, со површина од 1 288 $m^2$ и корисна површина од 450 $m^2$. Домот ќе располага со канцеларии, ресторанска сала, простории за пејачката и игроорната група, соба за шах, пикадо и друго, со цел пензионерите да има каде да бидат згрижени и да се разонодуваат, а со тоа и полесно да ги поминуваат пензионерските денови во пријатна атмосфера и расположение. Постапката за изградбата на домот е во тек и е во понапредна фаза. Очекуваме да ни помогнат локалната самоуправа, градоначалникот и Министерството за транспорт и врски и Министерството за труд и социјална политика, како и Владата.

Втор приоритет ќе ни биде здравствената заштита на пензионерите, преку мерки кои се утврдени според Законот и Министерството за здравство, како и на нашата Комисија за здравство, преку давање на здравствени услуги, поевтино болничко лекување со помала партиципација за добивање инсулин, нега на болен, за лицата со посебни потреби, витаминска терапија и сл.

Трет приоритет ќе биде преку месните ограноци да се поттикнат активности за повикување и детектирање на пензионерите со ниски примања под 15.000 денари, за давање на хуманитарна помош до одреден износ со носење на чек во здружението на увид. Со ова сакаме на оваа категорија пензионери колку толку да им помогнеме во ублажувањето на сегашниот пораст на цените. Тоа редовно ќе го правиме во повеќе наврати.

**● Претседателе, токму во овој контекст и денес има голема раздвиженост во ЗП Кавадарци на голем број пензионери кои се дојдени со чек од пензија и чекаат да бидат евидентирани за добивање на помош. За поздравување е тоа што во оваа активност се вклучени и секретарот Трајче Стојков, и претседателот на Собранието Васко Димитровски. Покрај оваа активност има ли здружението и други активности со кои може да се пофали?**

– Здружението на пензионери има и други активности како што се: организирање екскурзии, натпревари од музички, игроорен и спортски карактер, бањско лекување, снабдување со огревно дрво и друго. Тргнувајќи од фактот дека една од поважните определби во сите програми на СЗПМ е меѓународната соработка со земјите од нашето опкружување, но и пошироко, ЗП Кавадарци има успешна соработка со Здружение на пензионери од Лесковац, Р Србија, со кое сме збратимени и таа соработка успешно се остварува веќе неколку години. Би ја потенцирал и соработката со уште едно збратимено здружение на пензионери, а тоа е ЗП Кочани.

**● Почитуван претседателе, во градот сте познат како човек од акција, па покрај работата во здружението, имате ли време за себе и семејството?**

– Покрај работата и активностите кои ги имам како претседател на ЗП Кавадарци, секогаш, наоѓам време и за себе и семејството, посебно за внуците кои ми ги разубавуваат деновите и животот со нивното дружење. Тука не изостанува и следењето на спортот и редовното вежбање и џогирање по патека, кое ми остана уште од времето кога бев активен спортист – фудбалер, – вели Шемов.

**Лилјана Илиева**

ЗП Кратово

# Меѓуопштински спортски натпревари на пензионери

Во организација на Здружението на пензионери Кратово, како домаќин, на 22.6.2022 година, во Кратово се одржаа Меѓуопштинските спортски натпревари на пензионерите од четирите здруженија: Кратово, Пробиштип, Крива Паланка и Свети Николе.





Пензионерите спортисти од четирите здруженија се натпреваруваа во следните дисциплини: 1. шах (мажи); 2. табла (мажи); 3. домино (мажи); 4. домино (жени); 5. карти (мажи); 6. карти (жени); 7. пикадо (мажи); 8. пикадо (жени); 9. пикадо – мешани двојки (мажи и жени); 10. шутирање на пенали (мажи); 11. шутирање на пенали (жени) 12. слободно фрлање во кош (мажи) и 13. слободно фрлање во кош (жени).

Пред присутните прв се обрати Страшко Трајковски, претседател на Здружението на пензионери од Кратово. Трајковски ги поздрави спортистите, претседателите на здруженијата на пензионери и секретарот од Општина Кратово Радмила Китановска. Тој им посака топло добредојде на гостите и притоа истакна дека триесет години се одржуваат овие спортски натпревари.

Секретарот на Општина Кратово Радмила Китановска од име на општината, од име на градоначалникот и од свое лично име ги поздрави присутните, им посака убаво спортско дружење, и ги прогласи игрите за отворени.

Салонските игри: пикадо, домино, шах, табла и карти, се одржаа во просториите на Пензионерскиот дом „Иван Андреев“, додека, шутирање во мали голови и слободно фрлање во кош, се одржаа во спортската сала на гимназијата „Митко Пенџуклиски“ Кратово.

Конечниот пласман на екипите на пензионерите беше: 1 место со освоени 42 бода – ЗП Крива Паланка, 2 место со освоени 36 бода – ЗП Пробиштип, 3 место со освоени 34 бода – ЗП Кратово и 4 место со освени 22 бода – ЗП Свети Николе.

По прогласувањето на резултатите од спортските натпревари следуваше заедничко разгледување на градот, дружење и веселба.

Присутните пензионери задоволни го напуштија Кратово со сеќавање за уште едно успешно организирано спортско натпреварување и заедничко дружење.

**Методи Мишевски**

Интервју со министерката на МТСП, Јована Тренчевска

# Подобрување на квалитетот на животот на највозрасните преку усогласување на пензиите и други мерки, е мој приоритет



**● МТСП е министерство кое е најмногу поврзано со проблемите на луѓето од трета доба односно на пензионерите. Како министерка на ова министерство што ќе ни кажете за Вашата тековна ангажираност во овој домен?**

– Грижата за нашата највозрасна популација, пензионерите, е еден од приоритетите на Владата на Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика. За тоа потврдува и фактот, што една од првите мерки кои ги реализиравме од доаѓањето на овој владин состав е растот на пензиите со цел подобрување на квалитетот на живот на старите лица.

Заедно со претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Партијата на пензионерите и ние како Влада, го отворивме прашањето за изнаоѓање на најсоодветно решение за постојан раст на пензиите преку воспоставување нова методологија. Согласно со измените, пензиите ќе се усогласуваат со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоци на живот. Со исплатата на септемвриската пензија, а согласно првичните анализи, пензионерите ќе добијат раст за околу 8% повисоки пензии.

Покрај растот на пензиите, во време на економско–енергетска криза и ценовни шокови, исплативме и финансиска поддршка за 330 000 пензионери од 1.000 денари за времетраење од три месеци.

Истовремено, Министерството во партнерство со општините и граѓанските организации работат на воспоставување социјални услуги на локално ниво, наменети за старите лица, веќе препознатлива и кај граѓаните – помош и нега во домот, која е од особено значење и за корисниците на услугата, но и за вклучување на тешко вработливите лица од заедницата на пазарот на труд.

Подобрувањето на квалитетот на животот на највозрасната категорија на наши сограѓани останува наш приоритет и понатаму.

**● Ќе има ли нови проекти поврзани со пензионерите и кои?**

– Проектот за подобрување на социјалните услуги на локално ниво, кој е проект на Министерството за труд и социјална политика, а со поддршка на Светска банка, продолжува.

Во рамките на првиот повик за доделување грантови за развој на социјалните услуги на локално ниво, 22 проекта во 27 општини добија финансиска поддршка преку овој проект. Најголемиот дел од нив или 16 се за помош на нега на стари лица во домот, три се дневни центри за деца со попреченост, а по еден проект е наменет за помош на стари лица во дневен центар и рехабилитација и регенерација на лица со попреченост во локалната средина со услуги за советување. Преку овие услуги опфатни се повеќе од 500 корисници, а дополнителна придобивка е што лицата кои се ангажирани за реализација на овие проекти се од социјално ранливи категории, кои претходно поминаа стручни обуки.

Со цел опфат на што поголем број општини и лица за кои социјалните услуги значат подобрување на квалитетот на нивниот живот, Министерството одлучи да објави нов, втор јавен повик за локалните заедници кои досега не се пријавиле, тоа да го направат, а на ова претходеше и презентација на Проектот во повеќе градови низ државата.

Заедно со Сојузот на пензионерите ќе продолжиме да креираме мерки и политики кои ќе бидат наменети за пензионерите и кои ќе значат помош и поддршка и во наредниот период.

**● Кој беше предизвикот да прифатите да раководите со ова министерство кое се занимава најдиректно со сите граѓани во државата односно со најтешките лични проблеми на одредени групи граѓани?**

– Земајќи предвид дека, најголемот дел од мојот работен стаж, а тоа е околу 20 години, го стекнав во Министерството за труд и социјална политика, што е навистина доста време да се запознаете со сите области кои се во негова надлежност, како еднаквите можности, социјалната и детска заштита, областа на трудот, пензиското и инвалидското осигурување, што претставува грижа за граѓаните и нивните права од најмала до најстара возраст, за мене не претставуваше ништо ново, туку претставува продолжување на она за кое и како вработена во Министерството се залагав, а воедно раководењето со институцијата само ми овозможи уште поинтензивно да ги движам работите напред. Затоа што ние сме сервисот на граѓаните, ние сме тука за нив. Да испорачаме резултати кои ќе значат остварување на нивните права, подобрување на квалитетот на живот на секој еден наш граѓанин, системско решавање на сите прашања, повисоки плати – пензии, повеќе мерки за лица со попреченост и нивните родители.

**● Вие долго време меѓу другото сте се бавеле со родовната дискриминација во однос на женската популација. Каков е третманот на жените во нашето општество? Доволно ли се застапени жените во општествениот живот во нашата земја?**

Еднаквите можности и еднаков пристап до сите ресурси за жените и мажите е моја заложба повеќе од 30 години. Посветеноста на родовата еднаквост ја започнав во граѓанскиот сектор, уште пред да се вработам во Министерството. Да овозможиме подеднакво секој наш граѓанин да ужива во основните човекови права. Да се бориме да ги надминеме сите стереотипи и предрасуди поврзани со улогата на жените и мажите, девојчињата и момчињата во општеството. Да се зачува традицијата, но да гледаме и напред кон модерните, кон демократските вредности кои нема да ги дискриминираат жените и ќе им овозможат подеднакви шанси како и на мажите. Направено е многу во однос на положбата на жените во општеството, но треба уште многу да направиме за да може да кажеме дека вистински сме еднакви. Де јуре еднаквоста ја имаме но не и де факто. Во однос на учеството на жените во процесите на одлучување имаме вистински позитивни резултати. Но само онаму каде постојат афирмативни мерки и законска обврска за подеднакво учество на жените и мажите. Состојбата е поинаква и незадоволителна во оние области каде што не постои законска обврска. Треба да се посветиме на тоа, заеднички сите. Родовата еднаквост не е прашање на кое треба да бидат посветени само жените. Тоа треба да е подеднакво важно за сите, и за мажите и за жените. Со заеднички сили да се избориме за повеќе жени во сите процеси на одлучување. За еднакви можности за сите. Само така можеме да имаме подобри резултати и да покажеме дека сите за нас се важни.









**● Почитувана министерке, Вие сте доста ангажирана со работата во Министерството. Имате ли време и за други работи кои Ви носат задоволство и други убавини во Вашиот живот?**

Секако дека треба да има баланс помеѓу работата и приватниот живот. Времето во кое живееме носи многу предизвици со кои треба да се справиме. Како во професионалниот така и во приватниот живот. Суштината на нашето постоење е да направиме баланс, да направиме добар план и организација во кој нема да биде запоставен ниту нашиот професионален избор, ниту приватниот живот. Семејството за мене е изворот на позитивната енергија. Изворот на љубов и поддршка. Потекнувам од поголемо семејство. Тука се моите сестри, внуки и внуци и нивните фамилии. Тоа е моето богатство. Но тука се и моите другари и другарки од детството, моите пријатели. За нив секогаш имам време. Можеби не секогаш за средби, затоа што животот не однел на различни страни од светот, но модерната технологија ни овозможува редовна комуникација. Добар филм, книга се исто така едни од убавините за кои наоѓам време. И убавите дружби со луѓе кои зрачат позитивна енергија.

**Разговорот го водеше**
**Калина С. Андонова**
**Главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“**

# Прва конститутивна седница на Советот за социјална сигурност

Советот за социјална сигурност, на 6.07.2022 година ја одржа првата конститутивна седница во Министерството за труд и социјална политика.

Министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска во своето воведно обраќање до членовите на Советот ја истакна улогата на овој Совет која е од големо значење за заштита и промоција на социјалните права и интереси на корисниците на пензија, преку преземање на мерки за унапредување на социјалната положба и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија.

„Подобрувањето на квалитетот на живот на старите лица и обезбедување достоинствена старост е еден од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика. Во таа насока се сите политики и мерки кои заедно со граѓанскиот сектор, ги креираме и имплементираме“, истакна Тренчевска.

Таа се осврна на последните измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со кои се воведе нова методологија на усогласување на пензијата, а ќе започне со исплатата на септемвриските пензии. Согласно измените, пензиите ќе се усогласуваат со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоци на живот.

Согласно дневниот ред на денешната седница, се изврши избор на претседател и заменик претседател на Советот за социјална сигурност. За претседател на Советот е избран д–р Стојанче Стефановски, а заменик претседател Станка Трајкова.

На седницата беа изгласани и Измени на Деловникот за работа на Советот за социјална сигурност, согласно кои седниците ќе се свикуваат најмалку еднаш во годината, замена на отсутен член на Советот и седниците ќе ги отвора претставник на Министерството за труд и социјална политика.

Пред присутните членови на Советот беше образложена и Информацијата за состојбата со средствата за Солидарен фонд, согласно која средствата за посмртнина кои се исплаќаат од Солидарниот фонд, изминатиот период беа намалени, ќе се враќаат кај граѓаните. Притоа беше образложено дека, настаната ситуација е резултат на зголемениот број на починати пензионери во време на пандемија. При што, Одборот на регистрирана организација за Солидарен фонд донесе времена одлука за зголемување на износот за задршка за посмртна помош и намалување на средствата за исплата за посмртнина на 25.000 денари. Со право на исплата од 5000 денари до редовна исплата од 30.000 денари. Разликата од 5000 денари ќе започне да се исплаќа со јулската исплата на пензии.

Од претставници на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија беа истакнати повеќе предлози и барања кои сметаат дека во иднина треба да се разгледаат и да се земат во предвид од Советот и тоа:

– корисниците на пензија да бидат вклучени во креирање на нови антикризни пакети и мерки кои ги планира Владата во иднина;

– повторно активирање на услугата „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија“;

– зголемување на лимитот за болничко лекување, односно сите лица над 65 години старост да бидат ослободени од плаќање на партиципација почнувајќи од дијагностика на болеста па се до болничко лекување. Лимитот за ослободување на партиципација за болничко лекување на пензионери кои примаат пензија до 14.600,00 денари и понатаму треба да се зголемува, односно усогласува согласно покачувањето на пензиите;

– во однос пак на Предлог–проектот за утврдување на квоти на лекови кои ќе ги задоволат барањата на пензионерите, беше напоменато дека е постигната целта на овој проект и истиот е успешно реализиран со што е обезбедена квота на доволно лекови кои се достапни во секое време, меѓутоа потребно почесто ажурирање на листата на позитивни лекови како и потребата од истовремено функционирање на теренски доктор и подвижни аптеки и друго.

На крајот Министерката Тренчевска на членовите на Советот им посака плодни и конструктивни седници на ова значајно тело чија цел е заштита и унапредување на социјалните права и интереси на корисниците на пензија. **К.С.А.**

# Народи во адолесценција

Академикот Владета Јеротиќ, многу говореше за пубертетот, за созревањето, за спознавањето на себеси. Тој во едно предавање кажа, дека има и цели народи кои се во пубертет. Искрено, јас нашиот народ не го гледам како пубертетен. Иако доцна ја стекнавме државата, доцна ни е кодиран јазикот, сиреч млада држава и народ сме и треба да се докажуваме за да бидеме во некои светски теченија и сојузи. Но, ние сме народ со долга историја и паметење и народ кој е влезен во адолесценција одамна, дури и созреан, што говори по неговата мудрост. Нашиот народ ја стекнал и докажал вистинската вредност.

Како го докажувам ова? Па лесно. Она што ни го негираат најмногу е всушност нашата најјака страна. Велат сме го украле, не било наше, сме биле измислен народ, речиси без идентитет. Еден чуден човек од соседството јавно во своите видеа вели, дека сме немале благослов како народ. Оди до таму, што она што се прави како социјален инженеринг, насочен за полесно владеење со луѓето, тој го прифатил како реалност, оти ете така фино му се вклопува во неговата приказна за неговиот народ, патем близок со нас, но сепак и различен. Ако видиме дека сите наши вековни вредности се нападнати, дека наново нѐ измислуваат и нѐ одрекуваат, човек се замислува малку. Одземена ни е половината од територијата, а ние не сме инвазивни кон другите околу нас. Токму овие карактеристики укажуваат на тоа дека ние сме созреан народ, кој ги протега своите корени и гранки насекаде и од него берат и се хранат многумина. Не знам дали е потполно точно, не сум проверила, но, се смета дека Македонците имаат 60% еврејски гени во својата крв. Поаѓајќи од ова, можеме да тврдиме дека староста на дрвото на нашиот народ се протега во древна древност. Но, што е најважното? Најважното е што нашиот народ, се однесува како зрел човек, кон некој пубертетлија. Не знам дали можам да тврдам, бидејќи нашата земја ја викаме Мајка, дали ние кон оние пубертетски народи се однесуваме како родител. А што прави родителот на пубертетлијата? Знае дека е тоа преоден период и се труди да не го повреди тинејџерот, да му даде простор, и да биде тука за него. Односно најмногу тука фигурира трпението.

Како и многу други народи, против кои социјалниот инженеринг има други методи, така и нашиот народ, односно државата се турка кон прифаќањето и извршувањето на Агендата 2030, односно кон Новиот Светски Поредок. На светските елити, тоа им е целта. Како се гледа тоа? Ова ми го објасни во своите книги Татјана Грачева, политиколог и доктор по педагошки науки, која се занимава со националната безбедност на Руската Федерација. Таа објаснува дека во овој процес на завладејување со сите народи, се оди кон одземање на државноста во државите, раскринкување на државниот систем, под наметката на воведување демократија се воведуваат структури кои се послушни на светските елити. Се уништува државната економија преку воведување на робување на светскиот пазар. Се дејствува на душата и духот на луѓето преку развратување, преку газење на достоинството и вечните вредности, уништување на традиционалноста и сѐ специфично што нѐ одвојува од другите и ни дава посебна вредност и квалитет.

Ова е само еден мал дел од тоа што се прави, оти ако главешините на светот, се болни психопати, тогаш секој може да си одговори, што е нивната главна цел. А тоа е да владеат, да унижуваат, да уништуваат, да контролираат. За тие да се чувствуваат безбедни на парчево Земја, треба да нема никој појак од нив. Да работат на тоа да се води биолошка војна, демографска, информациска и геолошка војна и секаква војна во недоглед. А ние како еден зрел народ, сме се сретнале со психопатолошки структури во своето постоење и сепак сме имале љубов и кон грешниот и малиот. Но грешниот вели дека гревот е измислица, а малиот пати од манија на величина.

Но, оние кои мораат да користат гнасни методи за постигнување на нивната не помалку гнасна цел, тие се гладни за љубов и оти не се развиле правилно станале болни. Е, тука ние како зрел народ можеме само да им помогнеме, ако дозволат.

Оти како што вели древната мудрост: Само едно е потребно, оти што му вреди на човекот и целиот свет да го здобие, а на душата своја да и напакости. А ние знаеме дека нема поголема вредност од душата, едната, единствената. Само една душа има секој.

И ќе завршам со стихот од Есенин, што го спомна академикот Јеротиќ: „Сѐ што живее некоја лузна има, белег од детството, незарасната рана".

**Маја Белева**

# Апел до банките

Во моментов со поскапувањата најпогодени се пензионерите со ниски примања. Во таа насока, се надеваме дека со следните антикризни мерки ќе бидат опфатени пензионерите со ниски пензии, кои заради возраста не се во состојба да имаат дополнителна заработувачка. Факт е дека значајна улогата имаат банките кои функционират во нашата социјална држава. Заради тоа СЗПМ очекува да се намалат провизиите особено на пензионерите со ниски примања и да бидат во висина на покривање на реалните трошоци. За жал тоа не е така според најновите податоци од Комерцијална банка, кои ќе започнат да се применуваат од 1.8.2022 година, што може да се види од објавените податоци:

1. **Уплати во готово од физички лица во корист на сметки во други банки и во корист на сметки на физички и правни лица во Банката и плаќање на сметки за режиски трошоци**

Уплати во готово преку интерен клиринг
- налог од 0,00 – 5.000,00 денари 45,00 ден. по поединечен налог
- налог над 5.001,00 денар 55,00 ден. по поединечен налог

Уплати во готово преку КИБС
- налог од 0,00 – 5.000,00 денари 70,00 ден. по поединечен налог
- налог над 5.001,00 денар 80,00 ден. по поединечен налог

2. **Исплата во готово од трансакциски сметки на физички лица:**
- налог од 0,00 до 60.000,00 денари 30,00 ден. по поединечен налог
- налог над 60.001,00 денар 60,00 ден. по поединечен налог

3. **Надоместоци за безготовински трансакции во денари:**

Трансакции извршени преку интерен клиринг
- налог од 0,00 – 10.000,00 денари 25,00 ден. по поединечен налог
- налог над 10.001,00 денар 34,00 ден. по поединечен налог

Безготовински плаќања преку КИБС
- налог од 0,00 – 10.000,00 денари 40,00 ден. по поединечен налог
- налог над 10.001,00 денар 50,00 ден. по поединечен налог

Преноси од сопствена сметка кон сметки на други физички лица, во Банката
- налог од 0,00 – 10.000,00 денари 25,00 ден. по поединечен налог
- налог над 10.001,00 денар 34,00 ден. по поединечен налог

**Потсетување: провизиите за вршење трансакции преку е-банка и м-банка не се менуваат и се пониски од провизиите за трансакции кои се вршат преку шалтерите на Банката.**

**Подигањето готовина од банкомат на Банката со дебитните картички издадени од Банката останува БЕЗ НАДОМЕСТ.** **СЗПМ**

# Што децата, кога ќе пораснат, (не) се должни да им возвратат на остарените родители

Во написот подолу образложувам поинакво видување околу текстот изнесен, со ист наслов, во весникот „Пензионер плус", бр.165. Текстот во весникот има тенденција да укаже дека е тесна границата меѓу благодарноста и доброволното сомојртвување. Сепак, основната порака е дека возрасните деца, кои ако од сега остарените родители, не добиле доволно емоционална поддршка дури биле деца и млади, не треба да се чувствуваат должни да се жртвуваат за своите остарени родители. Поинаку кажано, ако некогаш сега остарените родители не успеале да воспостават топла емоционална врска со своите некогашни деца, кои сега се возрасни, во тој случај последниве не се должни да им возвратат подоцна во староста со меѓусебни топли емоционални обноски.

Меѓугенерациската семејна констелација претпоставува дека членовите во семејството меѓусебно комуницираат како на вертикално ниво (остарени родители – нивните деца родители – децата на децата родители, т.е. барем три генерации), така и на хоризонтално ниво комуницираат припадниците на исти генерации (браќа и сестри).

Искуствата од психотераписката практика, недвосмислено покажуваат дека нерешените конфликти меѓу генерациите, негативните емоционално студени обноски меѓу родителите и децата, најмалку барем треба да бидат разгледани од аспектите на условите и причините зошто биле такви. Нерешените конфликти, негативните емоции и размислувања, негативните модели на меѓусебни однесувања, негативното видување и искусување на родителството, ако не се преобразат во позитивни, се пренесуваат како такви на следните генерации. Затоа сретнуваме многубројни предрасуди и стереотипи на едните за другите генерации (пример, помладите за повозрасните и обратно). И уште позначајно, меѓугенерациските трауми на различен начин преминуваат на следните генерации кај кои се сретнуваат поважни проблеми со физичкото и менталното здравје, разни видови зависности, (само)повредувања и насилства.

Меѓугенерациски здрави, топли емоционални врски, поддршка, соработка и помагање меѓу поединците од различни генерации во семејството, во непосредната заедница како и пошироко, биле и сѐ солидна основа како за личен така и за општествен просперитет.

Некои основни принципи кои треба да се почитуваат во меѓугенерациските обноски се:

1. Не е дозволено една генерација да ја експлоатира друга;
2. Да не се поставуваат неразумни и исти ограничувања, условувања и вредности за различните генерации;
3. Да се овозможи флексибилност секоја генерација да ги оствари своите позитивни цели;
4. Да се стимулираат заеднички активности меѓу лица од различни генерации кои се од корист како за поединците, така и за потесната и поширокота заедница...

Повозрасните и помладите можат да играат заедно, да волонтираат, да шетаат, да посетуваат музеи и историски места, да разговараат на различни теми, да пренесуваат различни знаења и вештини, да го споделуваат тоа што го имаат и умеат, да си даваат поддршка и заемна почит... Денес е видлива разликата во начинот на комуникација меѓу помладите и повозрасните во директната комуникација, во употреба на новите технолошки достигнувања, во изборот на медиумите, брзината на давањето пораки и опширноста во искажувањата. Успешната комуникација претпоставува да се почитуваат овие разлики. И во основата се почит (ако не љубов), благодарност и подготвеност за извинување и простување!

**Олга Мурџева - Шкариќ**

Тетово

# Промовирана монографија и кражба на уметнички слики



За два дена, на пензионерот Павле Кузманоски, академски сликар од Тетово, му се случија два настана кои оставаат длабоки траги во расположението на уметникот. Најнапред, промовирана му е една од последните монографии во издание на книгоиздателството „Матица Македонска", насловена како „Урбани пејзажи". По повод промоцијата на монографијата, во просториите на книжарницата на издавачот, како пратечка манифестација, организирана беше изложба на 22 дела на уметникот. За два дена, провалена е книжарницата и во два навратı украдени се 16 уметнички дела. Провалникот е откриен, набргу се пронајдени шест дела, а органите на прогонот трагаат и по останатите.

Но да се вратиме на убавиот настан, на монографијата. Во неа се претставени повеќе од 150 цртежи и слики со урбани пејзажи. Групирани се според местата каде што уметникот престојувал и работел, на начин што не се губи целовитиот поглед на секој градски серијал. Создадени се поголеми циклуси на градовите Тетово, Скопје, Белград, Будва и Париз, а во монографијата се презентирани и по неколку слики од други градови, како Охрид, Гевгелија, Пула и други.

Авторот во на монографијата, во предговорот вели:

„Павле Кузманоски никогаш не се одрече од својот роден град Тетово, кој континуирано ја окупираше неговата творечка енергија прелеана преку специфичен ликовен модус во разнолика визуелна изобразба на тетовската градска средина. Со модернизацијата на градот, Кузмановски повеќе го задржа интересот на старите куќи и маала. Голем дел од нив сега не постојат, така што освен уметничката, поседуваат и документарна вредност, сведоштво за едно Тетово кое повеќе го нема. Нивниот ликовен запис потсетува на некоја елегична песна која во развлечено ехо постепено исчезнува во далечината".

Вториот настан: Украдените 16 од вкупно изложените 22 дела содржани во монографијата, создавани од најраното детство до денешни денови.

„Тоа е распон од околу 60 години, од гимназиските денови, пастели од 2005–та година во Париз и други светски метрополи, па се до денес. Кражбата е извршена во два наврата: најнапред се украдени шест, за што сопственикот на книжарницата веќе ја известил полицијата по најава за провала од страна на сосед, а наредната ноќ, истиот провалник, украл уште 10 дела. Според информациите кои ги има Кузмановски, провалникот е откриен при втората кражба. Шесте дела пронајдени се на различни места. Уметникот се надева дека истрагата успешно ќе заврши. Инаку, Павле Кузманоски спаѓа во редот на афирмираните уметници во нашата земја и пошироко со досега над 60 самостојни изложби, 5 пати имал самостојни изложби во светската уметничка метропола Париз, Њујорк, Берлин, Виена, потоа во неколку градови од поранешна Југославија, како и во многу градови на нашата земја. Учествувал на над 250 групни ликовни изложби во земјата и странство, организирани од соодветни ликовни друштва од Белград, Суботица, Париз, Њујорк, Анкара, Измир, Софија... Добитник е на повеќе награди, признанија, повелби, плакети, а минатата година (2021) доделена му е државна награда за животно дело „11 октомври". Со Павле Кузманоски реализирани се неколку документарни, краткометражни, телевизиски и други филмови. **Г. Ефтоски**


ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:** СЗПМ

Година XV – број 168
јули 2022 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Васил Пачемски**
уредник
**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# ЗП Чаир - лична карта




**Здружение на пензионери Чаир**
**Џон Кенеди бр. 18, Скопје**
**тел. 02 2 638 291 моб. тел. 071 333 266**
**e-mail: zpchair@gmail.com**



**Тодор Илиев**
**претседател**
**на ИО и на ЗП Чаир**

Сите почетоци се посебни и тешки, за што е потребна голема истрајност и секогаш верба во себе. На почетокот во далечната 1977 година, група пензионери активисти и ентузијасти, ја иницирале идејата, а подоцна и ја реализирале, формирајќи здружение на пензионери и му го дале името Чаир и Бутел, најсоодветно за тоа време. Здружението на пензионери Чаир е формирано и запишано во регистарот на здруженија на 20.12.1977 година, како Здружение на пензионери Чаир и Бутел, кога е донесен и првиот статут кој е потребен за регистрација. Овој датум се смета и како ден на формирањето на здружението. Но, волјата за успех и напредок, биле чекорите потребни да се донесе здружението на денешното ниво, кое дејствува како невладина неполитичка општествена и непрофитна организација. Во октомври 2013 година, со одлука на Собранието се преименува и е регистрирано под ново име и тоа како Здружение на пензионери Чаир, откако пензионерите од општините Бутел и Шуто Оризари, се одвојуваат по територијален принцип и формираат нови здруженија на пензионери.

Со изборот на новото раководство, во ноември 2013 година, почнуваат нови содржини, кои го прават животот на пензионерите во здружението посодржаен и поубав. Денес Здружението слободно може да се пофали со непрекината грижа за пензионерите и заштита на нивните права на подрачјето на кое дејствува. Од самото формирање, во различни и неретко пресудни случувања, Здружението никогаш не ја заборавило или изоставило својата примарна функција. Со спектарот на своите успешни активности во изминатите години создаде добра основа за натамошен развој на сите активности и програмски задачи негувајќи ги и ширејќи ги принципите на меѓугенерациска соработка, мултиетништво, солидарност и соживот.

Здружението ги остварува заедничките интереси на пензионерите, а особено за остварување и заштита на правата од пензиското осигурување, унапредување на културните, спортските и другите активности, здравствената заштита, давање помош на материјално загрозени пензионери, соработка со други здруженија и со СЗПМ.

Највисок орган на Здружението на пензионери Чаир е Собранието на кое претседател е Рауф Хамиди. Бројот на членовите се утврдува во согласност на бројот на членовите во ограноците и брои 17, а при изборот се води сметка за националниот состав и половата застапеност. Собранието од своите редови, го избира Извршниот одбор кој го сочинуваат 7 членови и претседател кој истовремено е и на Здружението. Надзорниот одбор го сочинуваат три членови кои не се во состав на Собранието и на Извршниот одбор и врши надзор и контрола на финансиското работење на Здружението. Извршниот одбор има формирано пет комисии како помошни тела и тоа: Статутарна комисија, Комисија за спорт и рекреација, Комисија за културно-забавен живот, Комисија за здравство и социјални прашања и Комисија за екскурзии. Извршниот одбор минатата година донесе одлука да купи деловен простор со сопствени финансиски средства, а одлуката е извршена. Тоа значи дека ЗП Чаир ќе се всели во новиот деловен простор, кој се наоѓа на одлична локација во централниот дел на Општина Чаир. Во изминатите години, Здружението ги користеше просториите во Пензионерскиот дом во Топанско Поле, со договор за трајно користење со ПИОСМ за долгорочно користење на канцеларијата и просторијата на клубот. Активностите во здружението функционираа успешно според годишната програма до почетокот на пандемијата кога беа минимизирани, а некои беа и откажани.



Важен сегмент во работата на Здружението е Активот на пензионерки каде што се ангажирани голем број пензионерки на полето на културата, спортот и дружењето. Активот, исто така, се истакнува со организирање повеќе едукативни предавања од областа на здравствената заштита на пензионерите, како и со хуманитарните активности, преку разни облици и форми. Формиран е во 1993 година под името „Зора“, за потоа да се преименува во Актив на пензионерки при ЗП Чаир. Членките на Активот ја искажуваат својата креативност и своето творештво во литературата, организирање излети, изработка на домашни ракотворби и многу други креации. Минатото, сегашноста се нештата кои ги интересираат вредните жени членки на Активот на пензионерки при ЗП Чаир, кои преку народните песни на пејачката група го чуваат културното богатство на сите националности и вери. На многу активности присуството на пензионерките е забележително, но не само што присуствуваат, туку тие ги организираат предавањата.

Културните дејности и спортувањето во ЗП Чаир се сфатени како битен фактор за другарување на пензионерите. Во изминатите години двапати било успешен домаќин на регионалните ревии на песни, музика и игри и еднаш на регионалните спортски натпревари, организирани од СЗПМ. Секоја година организира и традиционален шаховски турнир со повеќе скопски здруженија. Учествува и на мултиетничката средба која ја организира Здружението на пензионерите од Тетово на која учествуваат здруженијата од Републиката, членки на СЗПМ.












Здружението има добра соработка со СЗПМ, каде што членува, а и со локалната самоуправа и со градоначалникот. Комисијата за екскурзии организира екскурзии за своите членови секоја година во земјата и во странство. Последните две години, поради пандемијата и препораките ваквите активности не се реализирани. Досега, покрај редовните екскурзии, по завршувањето на Републичките спортски натпревари здружението организира наградна екскурзија за пејачките групи (македонска и албанска) и за учесниците на спортските натпревари.

Здружението, секоја година, но посебно последните две, им посветува внимание на хуманитарните активности и на доделувањето неповратна еднократна парична помош на пензионери со ниски примања и на болни.

Тие долгогодишни активности на Здружението го прават да се вброи во подобрите здруженија и да служи за пример.

**СЗПМ**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**
- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**
- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600



PROVEN PROBIOTICS

ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

# Cardiobiotic




една 30 КАПСУЛИ на ден



- Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
- Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
- Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
- Витамин Б1 значаен за одржувањето на нормалната функција на срцето




**На 15 јуни 2022 година во просториите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се одржа средба на раководството на Сојузот со генералниот директор на Фондот на ПИОСМ Дритан Беџети и Боро Варошлија, претседател на Управниот одбор на Фондот. На работната средба беше договорено во весникот „Пензионер плус“ да се објавуваат одлуки и материјали од Фондот и од други институции кои се од интерес на сегашните и идни пензионери.**

**Станка Трајкова**
**Претседател на СЗПМ**

# Упатства за електронско проверување на стаж

ФПИОМ Портал за е-Услуги

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија воспостави нова услуга, со која преку својата веб–страница обезбедува пристап на осигурениците до нивните регистрирани податоци во матичната евиденција.

Врз основа на лично барање, може да се спроведе непосреден увид во податоците за стажот на осигурување и платите.

Податоците се добиваат во форма на преглед на регистрирани податоци потпишан со дигитален сертификат на овластено лице, којшто досега се добиваше исклучително на шалтерите на Фондот.

Добиениот преглед ќе има карактер на јавна исправа и осигурениците ќе можат да го искористат пред другите надлежни институции каде што има потреба да се потврдува утврдениот стаж на осигурување.

Со оваа услуга се подига квалитетот на работењето на Фондот, во согласност со современите развојни трендови за електронски пристап до информации.

**За кого се однесува услугата?**

Оваа услуга е наменета за сите осигуреници кои имаат регистрирани податоци за стажот на осигурување, платите, надоместоците на плата, односно основиците на осигурување.

**Како се обезбедува услугата?**

За да се стане корисник на оваа услуга, потребно е корисничко име и лозинка, кое може да се добие со поднесување на **БАРАЊЕ** до филијалите, или деловниците на Фондот. Образецот на барањето може да се преземе и од веб–страницата на Фондот: www.piom.com.mk, односно линкот **Е - услуги.**

Пополнетото **БАРАЊЕ** се поднесува лично на шалтерите, со документ за лична идентификација на увид (лична карта, или патна исправа). Врз основа на поднесеното барање се добива корисничкото име и лозинка, со кои потоа осигуреникот може да ги следи своите податоци преку интернет.

**Придобивки од услугата Е-пристап**

Придобивките за Фондот од услуга Е–пристап се од повеќе аспекти, со што се зголемува транспарентноста на податоците и информираноста на осигурениците и истите се достапни за осигурениците 24 часа во текот на денот. Со Е–пристапот ќе се намалат редовите пред шалтерите за издавање на прегледи, а ќе се намалат и трошоците за хартија, додека пак, вработените ќе можат да бидат ангажирани на други работни задачи.

Фондот ќе го задржи и досегашниот начин на издавање на прегледите за стажот на осигурување, платите, надоместоците на плата, односно основиците на осигурување во хартиена форма за оние осигуреници кои немаат Е–пристап, непосредно преку службите за матична евиденција во филијалите и деловниците на Фондот, со документ за лична идентификација.

# Солидарен фонд - посмртна помош на корисници на пензија

На корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство.

Средствата за солидарен фонд – посмртна помош Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РМ ги уплатува на посебна потсметка во рамките на трезорската сметка со назнака „Средства за солидарен фонд – посмртна помош на корисници на пензија“.

Постапката започнува со поднесување барање за исплата на посмртна помош (солидарен фонд) од страна на член на семејството или друго лице кое го извршило погребот на корисникот на пензија. Барањето се поднесува до подрачната единица на Стручна служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РМ, според адресните податоци каде што се вршела исплатата на пензијата на корисникот на пензија до денот на смртта.

Кон барањето се приложуваат и следните документи:

– извод од матична книга на умрените;
– последен чек за пензиските примања на починатиот корисник;
– број на трансакциска сметка на наследникот, односно примателот на кој ќе бидат уплатени средствата и
– фактура за извршен погреб.

| ФПИОСМ FSPIMV | СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ | Об.8.5.56.1 |
|---|---|---|
| ISO 9001:2015 | | Ревизија-0 |

**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**- Стручна служба -**
**Филијала/Деловница -**
_______________

**Б А Р А Њ Е**
**за остварување право за сместување во Пензионерски дом**

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

_______________ Име и презиме _______________ ЕМБГ

_______________ Пензиски број

_______________ Ден, месец и година на раѓање _______________ Место на раѓање _______________ Државјанство

Адреса _______________ Улица _______ број _______ место _______ општина

Контакт телефон: ........................................................

**2. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

2.1 доказ дека барателот е пензионер, (доколку барателот е корисник и на странска пензија, доказ од деловна банка за висината на странската пензија во денари),
2.2 извод од матична книга на венчаните, (доколку барателот има брачен другар),
2.3 извод од матична книга на умрени, (доколку барателот е вдовец или вдовица),
2.4 решение за развод или пресуда (доколку бракот престанал),
2.5 уверение од УЈП за остварени приходи,
2.6 потврда за имотна состојба од Агенција за катастар на недвижности,
2.7 имотен лист (ако е потребен ),
2.8 лична карта за себе и за брачниот другар (на увид),
2.9 доказ за имотна состојба пред да остане без имот (договор за оттуѓување на имотот ако поседувал барателот или брачниот другар),
2.10 договор за закуп ако живее во изнајмен стан
2.11 потврда од лекар за психофизичка состојба на барателот
2.12 членови на потесно семејство со лични податоци,
2.13 изјава од барателот дека се согласува да се изврши проверка на висината на штедниот влог (изјавата се добива во Фондот),

- ........................................................
- ........................................................
- ........................................................
- ........................................................
- ........................................................
- ........................................................

2.14 друга документација за која комисијата ќе оцени дека е потребна за утврдување на реалната состојба
Образложување за моменталната состојба и услови за живот на барателот:
........................................................
........................................................
........................................................
........................................................
........................................................
........................................................

„Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за размена и прибирање на податоци за водење на управна постапка.“

Во Скопје, _______________20___ год.

_______________________
(потпис на подносителот на барањето)

**Ранг-листа за сместување по домови со кои располага Фондот на ПИОСМ**

**Печатена на ден: 21.6.2022 14:49:23**

**Секвенца 360 од ден: 9.6.2022**

**Страница 1 од 1**

**ДОМ во Крива Паланка**

| Реден број | Презиме и име | Бодови вкупно | Бодови пензија | Бодови услови | Датум на барање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СТАНОЕВСКА НИНКА | 50 | 30 | 20 | 13.12.2018 |

**ДОМ во Куманово**

| Реден број | Презиме и име | Бодови вкупно | Бодови пензија | Бодови услови | Датум на барање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АНТИЌ ДРАГАН | 85 | 60 | 25 | 05.11.2021 |

**ДОМ во Прилеп**

| Реден број | Презиме и име | Бодови вкупно | Бодови пензија | Бодови услови | Датум на барање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | МИТРЕВСКИ ПАВЛЕ | 75 | 65 | 10 | 23.3.2018 |

**ДОМ во Скопје**

| Реден број | Презиме и име | Бодови вкупно | Бодови пензија | Бодови услови | Датум на барање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ИДРИЗ САЛИЈЕ | 90 | 65 | 25 | 24.02.2022 |
| 2. | МИТКОВСКА СТОЈАНКА | 70 | 55 | 15 | 07.11.2019 |
| 3. | СЛАВОВА ЗОРИЦА | 55 | 35 | 20 | 17.03.2022 |
| 4. | ТОДОРОВСКИ ДИМЧЕ | 45 | 30 | 15 | 25.05 2016 |
| 5. | МИЛАНОВСКИЃУРО | 40 | 20 | 20 | 05.06.2012 |
| 6. | ДЕЈАНОВИЌ НАДА | 40 | 30 | 10 | 15.10.2013 |
| 7. | АНГЕЛОВА ОЛГА | 25 | 10 | 15 | 24.07.2017 |
| 8. | КОСТОВСКА РАДМИЛА | 20 | 10 | 10 | 19.05 2014 |
| 9. | ЗАРАПЧИЕВА МЕНКА | 20 | 10 | 10 | 02.02.2021 |
| 10. | КОЧОСКА КОСТАДИНКА | 20 | 10 | 10 | 17.11.2010 |
| 11. | САВЕСКИ ЦВЕТАН | 20 | 10 | 10 | 27.04.2012 |
| 12. | НЕСТОРОСКА ДОБРИНА | 20 | 10 | 10 | 17.03.2010 |
| 13. | ЗИНЗИРОВСКА ТРЕНДАФИЛКА | 20 | 10 | 10 | 04.02.2022 |
| 14. | МАШОВИЌ ХАНИФЕ | 20 | 10 | 10 | 14.11.2012 |
| 15. | ЃУРЧИНОВСКА МАРИЈА | 20 | 10 | 10 | 29.10.2020 |
| 16. | АНГЕЛЕСКА МАРА | 20 | 10 | 10 | 24.04.2019 |
| 17. | ТРПОВСКА МАРИКА | 20 | 10 | 10 | 19.08.2016 |
| 18. | ЈАНАКИЕВА ВИОЛЕТА | 20 | 10 | 10 | 24.07.2018 |
| 19. | ПОП–ТРПОВА РАДА | 20 | 10 | 10 | 02.06.2014 |
| 20. | АНЃЕЛОВСКА АНГЕЛИНА | 20 | 10 | 10 | 25.03.2014 |
| 21. | АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА | 20 | 10 | 10 | 20.05.2016 |
| 22. | ВАСИЛЕВСКА АЛЕКСАНДРА | 20 | 10 | 10 | 22.01.2013 |
| 23. | БОГДАНОВСКА МАРИЈА | 20 | 10 | 10 | 25.10.2018 |
| 24. | ЈОВАНЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ | 20 | 10 | 10 | 18.12.2015 |

XXVI РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

# Благодарение на искуството стекнато во изминатите години натпреварите поминаа на задоволително ниво

Иовaa година 26–ите регионални пензионерски спортски натпревари се одржаа со редуцирана програма, исклучувајќи ги дисциплините шах и тегнење јаже каде што не може да се обезбеди потребно растојание меѓу натпреварувачите поради присуството на пандемијата предизвикана од ковид–19 и со ограничување на пензионерите кои не се вакцинирани, да не можат да настапат на регионалните натпревари. Поради ваквата одлука на Комисијата за спорт се појави незадоволство кај поедини здруженија кои имаат јаки екипи во изоставените дисциплини, меѓутоа, со објаснување од страна на раководството на СЗПМ се смирија и едногласно се прифати таквата одлука.

Регионалните натпревари во сите 8 региони се одржаа во временскиот период од 21 мај до 19 јуни во различни термини утврдени со меѓусебна соработка и согласност помеѓу Комисијата за спорт при ИО на СЗПМ и здруженијата домаќини на регионалните натпревари.

Оваа година три регионални натпревари се одржаа во работни денови, а останатите 5 во сабота и недела. На годинашниве регионални натпревари иако беа изоставени две екипни спортски дисциплини учествуваа голем број натпреварувачи 1 348 од кои 804 во машка и 544 во женска конкуренција од сите 53 здруженија, членки на СЗПМ. Инаку по сите основи на натпреварите присуствуваа и меѓусебно се дружеа 1 835 пензионери.

Зголемувањето на бројот на натпреварувачите од страна на сите здруженија како да сакаше да пројави пркос што бевме 2 години затворени во своите домови поради присуството на пандемијата. Кога е во прашање масовноста посебно сакам да го истакнам петтиот регион каде што натпреварувачите беа најмасовни како што е соопштено погоре во извештајот.

Учесниците се натпреваруваа во 9 спортски дисциплини во 19 категории. Иако бројот на натпреварувачи е во постојано зголемување место за поголема активност особено за здруженијата што пројавуваат помала активностима. Бројот на здруженијата кои учествуваа со максимален или приближно максимален број натпреварувачи е половина од вкупниот број здруженија. На Регионалните натпревари секое здружение можеше да настапи со максимален број од 35 натпреварувачи. Заслужува внимание податокот што на овие регионални натпревари 25 здруженија учество земаа со над 28 натпреварувачи, а со максимален број од 35 настапија 17 здруженија. И оваа година во 4 и 6 региони имаше појава директно пласирање за Републичките натпревари поради немање конкуренција и тоа 4 случаи во 6 и 3 во 4 регион.

Очекуваме во иднина здруженијата во 4 и 6 регион да ја зголемат својата активност со што ќе се намали можноста за оваа појава на директно пласирање.



На Републичките натпревари кои ќе се одржат во септември во пресрет на Денот на пензионерите 20 септември, ќе настапат 38 здруженија на пензионери кои обезбедија право на настап освојувајќи први места на регионалните натпревари. Секој регион може да учествува со максимален број од 35 натпреварувачи од кои 18 во машка и 17 во женска конкуренција, или ќе настапат вкупно 280 натпреварувачи од кои 144 во машка и 136 во женска конкуренција.

Анализирајќи ги сите активности што им претходат на Регионалните натпревари на



сите нивоа, иако беа во мирување поради присуството на пандемијата, слободно може да се каже дека добиваат на интензитет како и претходно, а нашата популација иако со исклучоци се однесува слободно како ништо да не било. Оваа година многу малку се почувствуваа потешкотии во организацијата и реализацијата на натпреварите, иако поголемиот дел од здруженијата домаќини припаѓаат во редот на помалкубројните здруженија (Лозово, Валандово, ОВР, Демир Хисар, Крива Паланка и Дебар).

Квалитетните подготовки и реализацијата не зависат само од здружението домаќин туку и од другите што му припаѓаат на регионот, односно од активноста на организацис–



ките одбори кои во некои региони сè уште не ја сфаќаат својата улога и обврска за подготовка на игрите. И денес во некои региони, особено во 4,8 и 7, пријави за настап на натпреварувачи се поднесуваат на денот на натпреварот што претставува пречка за благовремено негово отпочнување.

Комисијата за спорт навремено ги подготвува и доставува сите списи потребни за уредно водење на евиденцијата при спрове–




**КОШАРКА - СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ**

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Гази Баба**<br>1. Јонче Трифуновски<br>2. Димитар Деспотовски<br>3. Гоце Меровски | **Бутел**<br>1. Нада Манасиева<br>2. Борка Атанасова<br>3. Јадранка Илиевска |
| II | **Гостивар**<br>1. Ристо Коруноски<br>2. Благоја Кипроски<br>3. Синиша Софрониевски | **Тетово**<br>1. Милка Илиевска<br>2. Благица Дишевска<br>3. Рада Илиевска |
| III | **Битола**<br>1. Добре Тодоровски<br>2. Славе Танчевски<br>3. Стевче Митревски | **Прилеп**<br>1. Ангелина Костадиноска<br>2. Фанка Рулеска<br>3. Зора Абрашоска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Марјанчо Манев<br>2. Јован Јанакиевски<br>3. Миливој Ангелески | **Охрид и Дебрца**<br>1. Стојанка Патчева<br>2. Мара Тодоровска<br>3. Наумка Загорац |
| V | **Велес**<br>1. Љубомир Теов<br>2. Душан Анѓушев<br>3. Ангел Манев | **Кавадарци**<br>1. Милка Јорданова<br>2. Ката Каракулева<br>3. Марија Атанасова |
| VI | **Пробиштип**<br>1. Драги Стоилков<br>2. Ацо Стоилков<br>3. Драги Спасовски | **Пробиштип**<br>1. Цвета Младеновска<br>2. Јанѓа Тодосовска<br>3. Бранка Велкова |
| VII | **Штип**<br>1. Никола Андонов<br>2. Трајче Јанев<br>3. Мијалче Панов | **Штип**<br>1. Весела Петковска<br>2. Марија Ѓонова<br>3. Олгица Кукувалска |
| VIII | **Делчево**<br>1. Љупчо Стојменовски<br>2. Ванчо Димитровски<br>3. Ванчо Дамјановски | **Кочани**<br>1. Маца Крстева<br>2. Лепа Митева<br>3. Радмила Јакимова |

**ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА**

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Солидарност-Аеродром**<br>1. Киро Јовановски<br>2. Ристо Кондов<br>3. Славољуб Зафировски | **Гази Баба**<br>1. Славица Дојчиновска<br>2. Лена Костадиновска<br>3. Доцка Зафировска |
| II | **Тетово**<br>1. Душко Маринкоски<br>2. Злате Блажевски<br>3. Живе Јанчевски | **Гостивар**<br>1. Вадије Зендели<br>2. Марија Спириду<br>3. Менка Марковска |
| III | **Ресен**<br>1. Наумче Илиевски<br>2. Боге Велјановски<br>3. Комина Умир | **Прилеп**<br>1. Ружица Филипоска<br>2. Марија Проданоска<br>3. Мирјана Илиоска |
| IV | **Кичево**<br>1. Никола Јовановски<br>2. Перо Трајковски<br>3. Љубе Ристовски | **Струга**<br>1. Виолета Опеческа<br>2. Марија Гура<br>3. Олга Јовчевска |
| V | **Велес**<br>1. Перо Ранготов<br>2. Ванчо Петков<br>3. Лазар Давитков | **Велес**<br>1. Нада Алексовска<br>2. Благојка Петрова<br>3. Снежана Гиновска |
| VI | **Злетово**<br>1. Мишо Јованов<br>2. Ванчо Глигоров<br>3. Методи Јованов | **Куманово**<br>1. Маргарита Божиновска<br>2. Славица Миленковска<br>3. Љубинка Денковска |
| VII | **Штип**<br>1. Киро Дириволов<br>2. Раде Димитров<br>3. Никола По Лазаров | **Струмица**<br>1. Лилјана Танева<br>2. Душка Хаџиева<br>3. Павлина Ивановска |
| VIII | **Кочани**<br>1. Тодор Донев<br>2. Ацо Стојанов<br>3. Мите Митев | **Макед. Каменица**<br>1. Јорданка Деспотова<br>2. Весна Попова<br>3. Данка Огњановска |

**СТРЕЛАЊЕ СО ВОЗДУШНА ПУШКА**

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Гази Баба**<br>1. Драган Стефковски<br>2. Методија Кондевски<br>3. Јове Митровски | **Центар**<br>1. Ангелина Темелкова<br>2. Трајанка Стоилковска<br>3. Јорданка Романова |
| II | **ОВР на РМ**<br>1. Драги Левков<br>2. Живко Петревски<br>3. Стевко Поповски | **ОВР на РМ**<br>1. Славица Денковиќ<br>2. Ленче Маневска<br>3. Мара Илиќ |
| III | **Прилеп**<br>1. Блаже Талески<br>2. Христо Камчески<br>3. Јован Стефановски | **Прилеп**<br>1. Трендафилка Грнчароска<br>2. Блага Талеска<br>3. Билјана Мантароска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Томе Ристески<br>2. Благоја Ѓорѓиоски<br>3. Александар Попоски | **Охрид и Дебрца**<br>1. Јованка Ангелеска<br>2. Благуна Милошевска<br>3. Бојкица Димовска |
| V | **Велес**<br>1. Јосиф Ќурчиев<br>2. Злате Димитров<br>3. Зоран Стојчевски | **Велес**<br>1. Рахилка Трипчева<br>2. Весна Давиткова<br>3. Викторија Николовска |
| VI | **Куманово**<br>1. Љубе Димитриевски<br>2. Ѓоко Крстевски<br>3. Јовица Илиевски | **Куманово**<br>1. Богица Димитриевска<br>2. Маргарита Станиќ<br>3. Злата Трајковска |
| VII | **Штип**<br>1. Киро Стоилковски<br>2. Благој Стојанов<br>3. Славко Цветковски | **Штип**<br>1. Гордана По Лазарова<br>2. Иванка Тоневска<br>3. Велика Здравева |
| VIII | **Кочани**<br>1. Трајче Петров<br>2. Горги Јосифов<br>3. Стојан Андонов | **Кочани**<br>1. Бинка Карајанкова<br>2. Ѓурѓа Илиева<br>3. Марија Гицова |

# НАТПРЕВАРУВАЧИ НА XXVI РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

## ПРЕГЛЕД НА ПЛАСМАН ПО ДИСЦИПЛИНИ

| МАЖИ | ЖЕНИ | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|---|
| **ГАЃАЊЕ СО ВОЗДУШНА ПУШКА** | | **ДОМИНО** | |
| 1. Гази Баба | 1. Центар | 1. Центар | 1. Воени пензио. |
| 2. ОВР на РМ | 2. ОВР на РМ | 2. Ѓорче Петров | 2. Гостивар |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп | 3. Демир Хисар | 3. Крушево |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Струга | 4. Струга |
| 5. Велес | 5. Велес | 5. Гевгелија | 5. Богданци |
| 6. Куманово | 6. Куманово | 6. Кратово | 6. Крива Паланка |
| 7. Штип | 7. Штип | 7. Радовиш и Конче | 7. Струмица |
| 8. Кочани | 8. Кочани | 8. Делчево | 8. М. Каменица |
| **ПИКАДО** | | **ТАБЛА** | |
| 1. Гази Баба | 1. Центар | 1. Кисела Вода | 1. Центар |
| 2. Гостивар | 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Крушево | 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца | 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Богданци | 5. Богданци | 5. Кавадарци | 5. Демир Капија |
| 6. Пробиштип | 6. Крива Паланка | 6. Крива Паланка | 6. Куманово |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Радовиш и Конче | 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Берово | 8. Делчево | 8. Делчево | 8. Делчево |
| **ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ** | | **СКОК ОД МЕСТО** | |
| 1. Гази Баба | 1. Сол.Аеродром | 1. Чаир | |
| 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Тетово | |
| 3. Прилеп | 3. Ресен | 3. Прилеп | |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | |
| 5. Кавадарци | 5. Богданци | 5. Неготино | |
| 6. Кратово | 6. Куманово | 6. Злетово | |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Штип | 7. Радовиш и Конче | |
| 8. Виница | 8. М. Каменица | 8. Кочани | |
| **ТРЧАЊЕ ДО 60 ГОДИНИ** | | **ШУТИРАЊЕ ПЕНАЛИ** | |
| 1. Кисела Вода | 1. _ _ _ _ _ _ _ _ | 1. Сол.Аеродром | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Гостивар |
| 3. Битола | 3. Крушево | 3. Ресен | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Кичево | 4. Струга |
| 5. Велес | 5. Кавадарци | 5. Велес | 5. Велес |
| 6. Куманово | 6. Куманово | 6. Злетово | 6. Куманово |
| 7. Струмица | 7. Штип | 7. Штип | 7. Струмица |
| 8. Кочани | 8. _ _ _ _ _ _ _ _ | 8. Кочани | 8. М. Каменица |
| **ТРЧАЊЕ НАД 60 ГОДИНИ** | | **СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ** | |
| 1. _ _ _ _ _ _ _ _ | 1. Сол.Аеродром | 1. Гази Баба | 1. Бутел |
| 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Гостивар | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Прилеп | 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Велес | 5. Велес | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Кратово | 6. Пробиштип | 6. Пробиштип |
| 7. Штип | 7. Струмица | 7. Штип | 7. Штип |
| 8. М. Каменица | 8. Делчево | 8. Делчево | 8. Кочани |

дување на натпреварите. Во некои региони се појавуваат нови изготвени од координаторите со што се придонесува за нееднакво и неквалитетно водење на евиденцијата иако има одлука на Комисијата, на Регионалните натпревари да не се прогласуваат севкупни победници и да не се врачуваат пехари и медали, сè уште во некои региони (5 и 4) има тенденција да се постапува по старо, а за тоа се виновни членовите на комисијата од тие региони, а за сметка на тоа се пропуштаат значајни обврски.

Во извештајот посебно место заслужува изборот на квалитетни – неквалитетни судии и како резултат на тоа се манифестира незадоволството кај натпреварувачите кои се во право, бидејќи им судат судии кои воопшто не ја познаваат спортската дисциплина во која судат ниту се трудат да го проучат Правилникот со пропозициите за спорт и да се запознаат со правилата. Јас лично тврдам дека во нашите редови по здруженијата имаме многу квалитетни луѓе кои се бавеле со спорт и спортски активности во работниот век, меѓутоа не знам од кои причини ги изоставуваат и не сакаат да ја користат нивната стручност. Особено сакам да потенцирам дека некои одговорни во здруженијата се однесуваат како од нив да почнуваат и со нив завршуваат обврските, наместо да ги пуштат луѓето избрани по здруженијата да го водат и развиваат спортот.

За првпат во историјата на спортот во СЗПМ, ЗП Центар Скопје учествува со максимален број натпреварувачи и со тоа се наметна како потенцијален лидер во регионот што не беше случај досега. Во поголем број региони освен во 4 и 7 конкуренцијата за освојување први места е скоро или приближно на добро ниво, така што во 3 и 6 регион на натпреварите успеаја сите здруженија да се пласираат за Републичките натпревари. Приближно иста е ситуацијата и во првиот, петтиот и осмиот регион. А во четвртиот од 7 здруженија се пласираа само 3 колку што е и бројката во седмиот регион иако бројат 7 односно 6 здруженија.

Оваа година на Републичките натпревари успеаја да се пласираат само 38 здруженија која бројка е најмала во последните години. Ќе учествуваат вкупно 280 натпреварувачи од кои 144 во машка и 136 во женска конкуренција.

Во извештајот посебно сакам да го потенцирам проблемот со непочитување на одредбите од Правилникот во третиот регион каде што во дисциплината пикадо наместо да се користи класично се користеше електронско пикадо. Уверен сум дека до овој проблем е дојдено како резултат на непроучување и непознавање на решенијата вградени во Правилникот за спортски игри иако истиот со новите измени е во примена веќе втора година. Таа слабост може да се каже дека е исклучително на членовите на Републичката комисија од регионите и на претседателите на комисиите за спорт кои за жал се ставени на маргините наместо да го водат спортот.

Посебно во извештајот за истакнување е и фактот што во поголемиот дел од регионите (5) на Регионалните натпревари беа присутни и градоначалниците на локалната самоуправа. Интересно е да се истакне дека сите во своите обраќања пред присутните се произнесуваат многу позитивно за соработката помеѓу здруженијата на пензионерите и локалната самоуправа и дека се чувствуваат обврзани кон нашата популација која направила многу за општеството и заслужува соодветен респект и почит од сите структури, а посебно од локалната самоуправа.

На крајот сакам да истакнам дека и покрај појавата на доста проблеми во подготовките и реализацијата на овие натпревари истите протекоа и завршија на задоволително ниво благодарение на искуството стекнато во изминатиот период.

**Претседател на Комисијата за спорт**
**Здравко Петковски**

## ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Гази Баба**<br>1. Симеон Стојанов | **Солидарност-Аеродром**<br>1.Милица Андреевска |
| II | **Тетово**<br>1. Митко Богатиновски | **Тетово**<br>1. Горица Јовановска |
| III | **Прилеп**<br>1. Борис Ковевски | **Ресен**<br>1. Бета Ангеловска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Насте Иваноски | **Охрид и Дебрца**<br>1. Јонка Јоноска |
| V | **Кавадарци**<br>1. Јорде Кузевски | **Богданци**<br>1. Марија Каракамишева |
| VI | **Кратово**<br>1. Иван Ангелов | **Куманово**<br>1. Мирјана Андоновиќ |
| VII | **Радовиш и Конче**<br>1. Живко Милев | **Штип**<br>1. Светлана Арсова |
| VIII | **Виница**<br>1. Здравко Анакиевски | **Макед. Каменица**<br>1. Велика Илиевска |

## ПИКАДО

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Гази Баба**<br>1. Ласте Игњатов<br>2. Никола Ѓурѓиновски<br>3. Владимир Славевски | **Центар**<br>1. Мара Делова<br>2. Савица Богеска<br>3. Зорица Петровска |
| II | **Гостивар**<br>1. Ангеле Серафимовски<br>2. Ѓоре Цветковски<br>3. Воислав Богоевски | **Тетово**<br>1. Јованка Ристоска<br>2. Менка Блажевска<br>3. Јана Ѓурѓовска |
| III | **Битола**<br>1. Сашо Митровски<br>2. Зоран Јакимовски<br>3. Гоце Талевски | **Крушево**<br>1. Васка Костадиновска<br>2. Милка Талеска<br>3. Нушка Илиеска |
| IV | **Кичево**<br>1. Томислав Велјановски<br>2. Јован Митревски<br>3. Драган Стојаноски | **Охрид и Дебрца**<br>1. Марика Николоска<br>2. Снежана Јаневска<br>3. Мира Кецеска |
| V | **Богданци**<br>1. Ристе Пешков<br>2. Мите Мингов<br>3. Мите Иванов | **Богданци**<br>1. Снежа Ванчева<br>2. Станка Дачева<br>3. Живка Поповска |
| VI | **Пробиштип**<br>1. Ристе Палахов<br>2. Томе Димитровски<br>3. Стојанчо Митовски | **Крива Паланка**<br>1. Катица Борисовска<br>2. Ленка Јакимовска<br>3. Павлина Додевска |
| VII | **Радовиш**<br>1. Велин Ѓорѓиев<br>2. Душко Иванов<br>3. Владо Крстев | **Радовиш**<br>1. Станка Тодорова<br>2. Зорка Тушева<br>3. Стојка Трајанова |
| VIII | **Берово**<br>1. Димитар Кржовски<br>2. Тиме Василевски<br>3. Душан Перунковски | **Делчево**<br>1. Снежана Спасевска<br>2. Тимка Стојковска<br>3. Цвета Џабирска |

## ТРЧАЊЕ МАЖИ

| РЕГИОН | До 60 години | Над 60 години |
|---|---|---|
| I | **Кисела Вода**<br>1. Трајче Николов | **Солидарност-Аеродром**<br>1. Ристе Чуруковски |
| II | **Тетово**<br>1. Димчо Кузманоски | **Тетово**<br>1. Нејази Таири |
| III | **Битола**<br>1. Мојсо Велевски | **Битола**<br>1. Иван Гроздановски |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Петар Кочоски | **Охрид и Дебрца**<br>1. Ѓорѓи Јанески |
| V | **Велес**<br>1. Зоран Петковски | **Велес**<br>1. Јован Ристов |
| VI | **Куманово**<br>1. Миле Златковиќ | **Куманово**<br>1. Ласте Алексовски |
| VII | **Струмица**<br>1. Ристо Манчев | **Штип**<br>1. Ристе Нетков |
| VIII | **Кочани**<br>1. Александар Гигов | **Македон. Каменица**<br>1. Бранко Стоиловски |

## ТРЧАЊЕ ЖЕНИ

| РЕГИОН | До 60 години | Над 60 години |
|---|---|---|
| I | - - - - - - - - -<br>1. - - - - - - - - - | **Солидарност-Аеродром**<br>1. Ангелина Антевска |
| II | **Тетово**<br>1. Габриела Ѓороска | **Тетово**<br>1. Цена Петроска |
| III | **Крушево**<br>1. Жаклина Николовска | **Прилеп**<br>1. Блага Димоска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Веселинка Нелоска | **Охрид и Дебрца**<br>1. Љупка Трифуноска |
| V | **Кавадарци**<br>1. Стојанка Наумова | **Велес**<br>1. Виолета Станчева |
| VI | **Куманово**<br>1. Јасмина Тодоровска | **Кратово**<br>1. Мирјана Станковиќ |
| VII | **Штип**<br>1. Зора Трајанова | **Струмица**<br>1. Бранкица Василева |
| VIII | - - - - - - - - -<br>1. - - - - - - - - - | **Делчево**<br>1. Марика Цонева |

## ДОМИНО

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Центар**<br>1. Анастас Василевски | **Воени пензионери**<br>1. Иванка Ефремовска |
| II | **Ѓорче Петров**<br>1. Љубомир Стојановиќ | **Гостивар**<br>1. Елена Јакимовска |
| III | **Демир Хисар**<br>1. Благоја Богоевски | **Крушево**<br>1. Јелена Трајковска |
| IV | **Струга**<br>1. Евгенија Јовчевски | **Струга**<br>1. Љубица Настоска |
| V | **Гевгелија**<br>1. Ѓорѓе Гушев | **Богданци**<br>1. Сузана Манева |
| VI | **Кратово**<br>1. Трифун Трајковски | **Крива Паланка**<br>1. Љуба Ангеловска |
| VII | **Радовиш и Конче**<br>1. Драган Јовановски | **Струмица**<br>1. Голубина Мицева |
| VIII | **Делчево**<br>1. Димитар Велев | **Мак. Каменица**<br>1. Миропа Ивановска |

## ТАБЛА

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Кисела Вода**<br>1. Борис Мартиновски | **Центар**<br>1. Лилјана Крстевска |
| II | **Тетово**<br>1. Генц Кориу | **Тетово**<br>1. Цвета Јовановска |
| III | **Битола**<br>1. Димче Цуцуловски | **Прилеп**<br>1. Славица Јованова |
| IV | **Кичево**<br>1. Фазлија Црќушоски | **Охрид и Дебрца**<br>1. Миланка Панделеска |
| V | **Кавадарци**<br>1. Блашко Грозданов | **Демир Капија**<br>1. Мирјана Чалева |
| VI | **Крива Паланка**<br>1. Сократ Марковски | **Куманово**<br>1. Борјана Ралиќ |
| VII | **Штип**<br>1. Ангел Костадинов | **Штип**<br>1. Снежана Алексова |
| VIII | **Делчево**<br>1. Ванчо Јангелов | **Делчево**<br>1. Станојка Атанасова |

## СКОК ОД МЕСТО

| РЕГИОН | МАЖИ | |
|---|---|---|
| I | **Чаир**<br>1. Рашид Идризи | |
| II | **Тетово**<br>1. Андреј Колевски | |
| III | **Прилеп**<br>1. Мирослав Кузманоски | |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Сезаир Назив | |
| V | **Неготино**<br>1. Никола Данев | |
| VI | **Злетово**<br>1. Вите Трајчевски | |
| VII | **Радовиш и Конче**<br>1. Садри Јашаров | |
| VIII | **Кочани**<br>1. Ѓорѓи Николов | |

ЗП Кавадарци

# Годишен концерт на КУД „Никола Бадев“

По една подолга пауза поради пандемијата, продолжува воспоставената соработка помеѓу ЗП Кавадарци и збратименото здружение „Пензионер“ од Лесковац, Република Србија. Оваа долгогодишна меѓународна соработка помеѓу двете здруженија ја краси иск-



реното пријателство, што се роди помеѓу пензионерите од Кавадарци и Лесковац, при што се остварени повеќе средби, а главен виновник за тоа секако се песната, орото и игрите кои не признаваат граници. Свечениот концерт, организиран и по повод 19 години успешна работа на пејачката група при ЗП Кавадарци, започна со песната „Дојдов на гости во Кавадарци“, која всушност беше поздрав и до присутните гости во салата на Домот на културата. На посебно задоволство на кавадаречките пензионери концертот, со своето присуство го збогатија претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и претседателот на Собранието на Сојузот м-р Илија Адамоски.

Претседателот на ЗП Кавадарци, Бранко Шемов, на присутните гости им пожели топло добредојде, посакувајќи им пријатно следење на концертот и убав престој во градот на грозјето и виното, Кавадарци. Тој не ја пропушти можноста да им се заблагодари и на неговите претходници, Илија Пемов и Ристо Анѓушев, за нивниот придонес во работата на здружението, почитувајќи ги и продолжувајќи го она што тие го започнале во нивниот мандат. Со посебен респект на сцената ја повика и претседателката Станка Трајкова, која ги поздрави присутните, а на учесниците на концертот им посака успешен настап, потенцирајќи дека музиката била и ќе биде таа преку која се изразуваат и најдлабоките чувства кон нашето фолклорно наследство.

Обраќајќи им се на гостите од Лесковац претседателката Трајкова ги поздрави присутните и истакна дека е информирана за активноста на здружението и нивните успеси на културно и спортско поле. Исто така потенцираше дека е добро што нашите здруженија имаат соработка и со здруженија и надвор од нашата земја и дека убав пример за таква соработка е ЗП Кавадарци.



На концертот први се претставија домаќините со пејачката група „Никола Бадев„, со песните: „Тргнало Маре“, „Ој ти моме“ и „Кај житарскиот пат“, по што следуваше настапот на солистите Јован Еленов, Марјана Пешиќ и Бранко Мартиновски. По нив распеаните гевгеличани се претставија со песните: „Серенада“ и „Ај што ќе прајме, девојко“, а фолклорната група при ЗП Кавадарци се претстави со неколку македонски ора. На концертот главен акцент беше ставен на настапот на гостите од Лесковац. Тие се претставија со „Прелаз коло“ и игри од Србија. Со голем интерес беше проследен и нивниот рецитал „Лесковчани, такви људи убави“. Со „Стариш, а не осетиш“ Мирјана Јовановиќ предизвика бурни овации, а како врв на сè, и колку животот може да биде убав и во третата доба, беше песната што ја исполни Столе Филиповиќ, „Не дај се генерацијо“.

И навистина не треба да се сомневаме дека за песната и орото не се важни годините, за што потврда е и овој свечен концерт и заедничкото другарување во стаклената сала на Ангропромет каде што со песната „За многу години Македонци“, зачукаа и заиграа срцата на пензионерите од Кавадарци, Гевгелија и Лесковац. На крајот двајцата претседатели, Бранко Шемов и Братислав Здравковиќ, си посакаа уште многу вакви средби со кои ќе се продолжува ова искрено пријателство. Следуваше и заедничко фотографирање за зачувување на убавите спомени. Концертот беше уште еден доказ дека песната ги исполнува срцата и е лек за душата. **Лилјана Илиева**



ЗП Крива Паланка и ЗП Радовиш и Konче

# Учество на фестивалот „Пеце Атанасовски“ Долнени

По 48-ми пат продолжува традицијата во негување и зачувување на богатиот изворен македонски фолклор, на реномираниот и традиционален фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ Долнени, Прилепско, кој се одржа на први и вто-





ри јули 2022 година. На фестивалот учествуваа над 320 учесници.

Меѓу нив, како учесник се најде и пензионерската вокално и вокално инструментална група која опстојува и работи во склоп на здружението на пензионери при ЗП Крива Паланка. Тие се претставија со изведби од поднебјето на Крива Паланка. Настапија преку НУЦ за култура Крива Паланка, во соработка со здружението на пензионери.

Пензионерите од вокалната група во состав: Славица Вучевска и Јонка Стојковска, ја исполнија песната „Извикнал Стојан, провикнал од Калин Камен планина“, додека вокално-инструменталната група во состав: Раде Петровски, кемане, Максим Јовев, гајда и Драган Младеновски, вокал, се претставија со изведба на песната „Изникнало криво крувче“ и ората „Паланечка тројка“ и „Четворка“.

Изведбите им беа со полн сјај, за кое сведочи громогласниот аплауз од публиката, а НУЦ за култура при Крива Паланка, доби благодарница за учество.

На фестивалот „Пеце Атанасовски“ настапи ЗП Радовиш и Конче.

Зорка Калеова, Славка Петачка и Натка Котева, членови на пејачката група на ЗП Радовиш и Конче и осумдесетгодишниот Здравчо Андонов, гајдаџија од с. Ињево, радовишко, настапија на фестивалот „Пеце Атанасовски“ на втората вечер што се одржа на 02.7.2022 г. во местото Рудина во Долнени. Пејачката група, настапи двогласно со изворната песна „Ој месечино“ и остави своевиден забележителен впечаток меѓу публиката, учесниците и членовите на комисијата на Фестивалот. Од директорот на Фестивалот, професор Родна Величковска, доби посебен позитивен коментар за изведбата и автентичноста на претставувањето, со покана за учество на наредниот Фестивал.

Гајдаџијата Здравко Андонов, доста успешно и оригинално се претстави со изворната песна „Кукуригу, петле“ и доби експонат со резбана гајдарка, со покана за настап идната година на Фестивал.

Учесниците од Здружението се вратија од Фестивалот со незаборавни импресии од настапот на сите учесници. Со себе ја понесоа шарениоткта фолклорна македонска разгледница од настанот и ехото од звуците на нашите традиционални инструменти: тапанот, гајдата, кавалот, зурлата и кеманото.

Сите учесници и гости најпрво беа поздравни од уметничкиот директор на фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Родна Величковска. Таа зборуваше за значењето на фестивалот кој има задача да го негува македонскиот фолклор и чува од заборав. Четириесет и осмото издание на фестивалот „Пеце Атанасовски“ го прогласи за отворено градоначалникот на Прилеп, Борче Јовчевски, кој им посака на учесниците топло добредојде и успешен настап.

**Б. Стојчевска и П. Кошевец**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Промоција на две поетски збирки

Клубот на љубителите на книгата при ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје, по подолга пауза продолжи со редовните месечни средби со литературните творци. Во просториите на ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје, на 27 мај 2022 година, беа промовирани двете најнови збирки поезија од Мендо Димовски „Рој беспокој“ и „Трепети и немири“.

За успешното промовирање придонесоа, малата Мила Манчев со изведба на класична музика преку синтисајзер, промоторот Благојка Филипчева и групата претставувачи на творештвото на Мендо Димовски: проф. д-р Виолета Ачкоска, Ристана – Рина Николова и Лилјана Стоилковска. Со богата музичка програма ја збогатија промоцијата со изведба на вокални песни, Ристана – Рина Николова и Лилјана Стоилковска.

За себе и своето поетско создавање пред љубителите на поезијата зборуваше авторот на збирките поезија, при што ги спомена мотивите и целите на неговото творештво.

Промоторите го потенцираа специфичното поетско творештво на Мендо Димовски, кое се одликува со многу успешни патриотски содржини, но и препознатлив стил на пишување, со динамичен ритам и рима.

На настанот присуствуваа и гости, поети Македонци кои живеат во Канада, што беше убава можност да се разменат мислења и искуства во областа на творештвото.

Клубот на љубителите на книгата при ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје ја подготви, редовната годишна публикација „Пензионерите творат 2022“, во која зедоа учество 60 автори од цела Македонија, но и автори со македонско потекло, а творат надвор од Македонија.

Подготовките на публикацијата се на волонтерска основа, а ги реализира редакциски одбор составен од: Јован Мазгански, Благојка Филипчева и проф. д-р Васил Тоциновски, а печатењето ќе го финансира ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје. Тоа е единствен пример во Македонија, здружение да издаде трета збирка творби на пензионери. Со тоа се поттикнува активното творење и обогатување на нивниот пензионерски живот, но и соработка со лица од третата доба надвор од матичното здружение.

Секое дело и публикација, со издавањето претставува збогатување на македонскиот јазик, македонската книжевна култура каде што се пополнува извесна празнина.

**Ј. Мазгански**

ЗП Куманово

# Кога орото ќе заврши...

Додека првите зраци на зората едвај го допираа небото се будеше денот. Уште еден убав мајски ден. Зраците на сонцето се разврделине и побрзаа да се скараат со утрото, за да го истуркаат што поскоро и да го грабнат денот. Го смирија и струењето на мајското ветерче, за да можат спокојно да ја раскрилат својата топлина. Улиците бадијала ги повикуваа минувачите, кои по утринското пазарење брзаа во своите домови, за да исткаат уште еден ден, уште една нишка на разбојот на животот. Тоа е животот: секојдневно редење на деновите, испишување по некоја приказна, миг на едно будење на сонцето и негово пребрзо заоѓање.

На овој ден го запознав Владимир. Не знам, ама си помислив дека неговото име се совпаѓа со неговата појава. Човек којо поодамна заодил во третата доба, кој како со себе да носи мир, спокојство и скромна со брчки накитена насмевка. Тој од поодамна е член на фолклорната група во пензионерското здружение. Љубовта кон фолклорот не може да ја скрие и секогаш е редовен на пробите. Додека со восхит го гледав како игра се прашував: дали љубов, која овој човек ја носи во себе е навистина толку голема, или е поголема од самотијата во неговиот дом од која сака барем за миг да побегне и да излезе од неа, да прозбори по некој збор со другарите. Неговата душа е весела, уште сака да игра, срцето се радува, само нозете го опоменуваат дека се уморни. На орото е последен и полека ја подига раката со која прави кругови со својата бројаница, додека со сета сила се труди да не го згреши чекорот, на неговото лице се слеваат капки пот, кои се губат во неговата кошула. За момент, ќе се потпре на другарот до него, ама продолжува да го изигра орото до крај. Потоа полека ќе го пребараше столчето за да ја одмори снагата.

По некое време забележав дека Владимир го немаше на пробите на орото. Староста е благословена, но по малку и неправедна. Таа побрзала да ја затвори вратата пред овој човек, кој веројатно самиот се уверил дека ќе мора да се откаже од својата желба кон фолклорот. Сфатил дека желбите замолчуваат пред натежнатите години.

Но не помина многу време, кога го забележав неговото враќање. Сега мирно ќе седнеше и целата проба со внимание ја следеше. Неговото многугодишно другарување со фолклорот бараше уште време пред да се разделат. Од друга страна неговото присуство, со неговата скромна насмевка, како да не поттикнуваше сите што игравме на орото, ни влеваше сила, не поддржуваше. Си помислив: така е во животот, едно време си на сцената, за подоцна да се најдеш пред неа и седнат на столче да ја играш новата улога.

Крајот сепак беше убав: Здружението на пензионерите одлучи да му додели Благодарница на Владимир, како признание на неговиот несебичен долгогодишен труд. Кога ја држеше во рацете, во неговите мали сини очи се гледаше радост, како онаа на дете кога добива свидетелство со добри оценки. Благодарницата за него беше сведетелство за сите изиграни ора. Го гледав со восхит и му посакав да има добро здравје и спокојна старост при тоа ми дојде на ум една мисла која некаде сум ја прочитала: „Животот може да биде разбран само со поглед назад, но треба да се живее со поглед напред!“ **Р. Митиќ**

ЗП Прилеп

# Пеењето ми го продолжува животот

Дружењето, а со тоа и пеењето, за 84-годишниот пензионер Киро Арапчески, член на ЗП Прилеп, посебно неговото членство и релаксирачко пеење во КУД „Пензионер“ како што вели, значи за него продолжување на животот.

– И песната и годините некако ми одат заедно. Во културно-уметничкото друштво не сум од скоро. Во моите 84 години повеќе од 20 години пеам во „Пензионер“ и според кажувањето и оцените на нашиот диригент Василе Најдоски мојот глас, моето пеење е „важно“. Јас сум басиста и им помагам со мојот „длабок“ и порапав глас на повисоките женски и машки гласови од групата. Покрај пеењето во КУД „Пензионер“ се дружам со многу пензионери и членови на други пејачки групи од другите пензионерски здруженија во нашата Македонија. Така имам многу пријатели, се разбира пејачи и други колеги – пензионери. Се дружиме со најдобрите, а и ним им е чест да се дружат со нас бидејќи нашето КУД е едно од најдобрите во земјата во кое пејат пензионери. Скоро на секоја годишна Регионална и Републичка ревија на песни, музика и игри, на секоја музичка манифестација што се одржува во организација на СЗПМ, учествуваме и ние со нашиот оркестар и се разбира со нашата пејачка група. Редовно вежбаме со години секоја недела во одреден ден, само поинаку беше за време на пандемиските месеци. Со нашето пензионерско друштво имам учествувано на повеќе музички манифестации и фестивали. Една година бевме претставници на нашето здружение, на



Сојузот и на Македонија, на „Фестивалот за трета животна доба“ во Љубљана, Словенија. Речиси секоја година учествуваме и на фестивалот „Илинденски денови“ во Битола. Имам незаборавни спомени и од дружењето со колеги од културно-уметнички друштва од соседна Србија Мислам дека не е потребно да ги спомнуваме сите, бидејќи нема град во Македонија каде што немаме настапувано. – вели најстариот басист во пејачката пензионерска група на ЗП Прилеп, КУД „Пензионер“.

На прашањето што значи пеењето и музиката за него, Киро Арапчески со смеа одговара:

– Тоа за мене значи сè: живот, задоволство, убавина... Од дружењето со песната имам убави незаборавни спомени. Кога и да се најдам во друштво со колеги што ја сакаат песната тоа за мене значи и убава расположба. Сакам убаво друштво, убаво пеење. Важно е кога се пее да има хармонија меѓу гласовите, да се слуша убаво и да се разбираат зборовите. Тој што ќе слуша и да е надвор од салата, да рече: „ашколсун на овие пејачи“. Му пожелуваме уште многу песни да испее и уште многу години да поживее!

**К. Р.**

ЗП Ѓорче Петров

# Соработка и активности

Здружението на пензионери Ѓорче Петров повеќе години наназад има успешна соработка со Основната организација на Сојузот на борци на Македонија „Блажо Орландиќ“ од населбата Даме Груев. Основната организација има околу 250 активни членови, а поголемиот број се пензионери на ЗП Ѓорче Петров. Пред неколку недели во организацијата беа одржани избори, при што беа избрани истакнати пензионери, меѓу кои за претседател е избран Митко Стојаноски, за благајник Љубинко Ристов, а за секретар Добринка Лазаревска актуелен член на Собранието.



Со изборот на новото раководство, соработката помеѓу ЗП Ѓорче Петров и боречката организација ќе биде уште поголема.

На 28. 6. 2022 година по повод 101 година од смртта на револуционерот Ѓорче Петров, кој е патрон на Општина Ѓорче Петров, делегација од Здружението на пензионери Ѓорче Петров, положија свежо цвеќе пред споменикот лоциран во реонскиот парк кој го носи неговото име.

Комисијата за здравство и социјала при ЗП Ѓорче Петров, предводена од Верица Мишкова, член на истата, реализирајќи ја својата годишна програма за работа, организираше тридневна акција за аудиометриски испитувања во соработка со „АУДИО БМ“. Акцијата се спроведе во три разграноци и тоа: Даме Груев, Мирче Ацев и Ѓорче Петров. За време на аудиометриски преглед од страна на стручни лица беа извршени прегледи на 80 наши пензионери и при тоа се констатира дека 48 пензионери имаат оштетен слух на кои им беа доделени бесплатни слушни апарати.

Исто така на пет тешко болни пензионери по препорака на Комисијата за здравство и социјални работи им беше доделена парична помош со која се ублажуваат трошоците за набавка на медикаментна терапија. **Љ.Р.**

ЗП Велес

# Хуманоста пред сè

Минатиот месец, активисти од ЗП Велес заедно со претседателите на ограноците од руралните средини посетија повеќе сиромашни семејства и им подарија прехранбени производи. Така беа посетени, Градско, Чашка, Извор, Богомила, Теово, Сујаклари и други места каде што беа доделени вкупно 50 торби со разновидни прехранбени артикли.

– Кога ги гледавме нивните тажни лица кои за миг се трансформираа во среќни, насмеани и задоволни од скромната помош што им ја даваме, ние бевме уште посреќни од нив, – ни раскажуваа активистите по извршената хуманитарна акција.



Па, нели секој човек треба да ѝ се радува на туѓата среќа, а не само на својата. Ако помогнеме другите да бидат среќни, и нам ќе ни помогне Семоќниот да се чувствуваме задоволни и среќни, според максимата „Не прави му го на другиот она што не сакаш да ти го прават тебе“ или „Прави им го на другите она што сакаш тебе да ти го прават“.

Значи, нашата солидарност, нашата хуманост, нашата човечност, па и нашиот разум, можеме да го демонстрираме преку нашето однесување, пред сè, кон луѓето, кон другите живи суштества, кон природата, кон мајката планета – кон Земјата, кон Татковината.

А, кој им дава на сиромашните, тој му позајмува на Бога! А, Господ Бог донираното не го заборава. Ни го враќа со друга добрина.

Тоа беа зборовите на нашите пензионери од ограноците кои ги посетија осамените сиромашни пензионери по руралните средини. **Н. А.**

ЗП Карпош

# Активности забележани со тон и слика

Здружението на пензионери Карпош, Скопје, има воспоставено добри релации и континуирано и успешно соработува со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, како нејзина членка. Факт е дека пензионерите кои во годините наназад стекнале мудрост и искуство, претставуваат и сè уште се добар потенцијал кој треба и може да се искористи за подобар живот на сите жители на територијата на Општина Карпош. Пензионерите од оваа општина секогаш се активни, но се разбира во границите на своите можности, односно колку им дозволува здравствената состојба. Тие се дружат, се шетаат и се рекреираат, бидејќи тоа е корисно и за интелектуалната и за физичката кондиција. Во Здружението сето тоа е поткрепено со фотографии кои секогаш потсетуваат за постоењето и дејствувањето на активностите.




Оваа година, телевизиската екипа на Канал–5, беше заинтересирана за успесите со кои може да се пофали здружението односно со активностите што ги практикуваат пензионерите. Сето тоа беше забележано со тон и слика во утринската програма „Здраво Македонијо“, со што беше запознаена и пошироката македонска јавност. Оваа посета на екипата на Канал–5 започна најнапред со интервју на претседателот на Здружението, Јован Гиновски.

– Здружението на пензионери, Карпош, е едно од најстарите здруженија во Република Македонија. Со носењето на Законот за територијална поделба на државата, со формирањето на посебни општини, од Здружението Карпош се оддлеиле ЗП Ѓорче Петров и ЗП Сарај. Некои архивски материјали од пред тоа време немаме, затоа што постојано имало селење на Здружението, нешто е поништено, нешто е изгубено, а нешто е и дома однесено, и тоа останува како белег на минатото. Благодарение на дејствувањето на нашето раководство и поддршката на раководството на СЗПМ дошло до консолидирање на Здружението, односно Здружението е официјално регистрирано на 5.1.1978 година во Ценрталниот регистар.

Меѓу другото, желба ни е да имаме наш сопствен пензионерски дом, што би се остварило со дел од средствата на Здружението, дел од спонзори како и со помош од локалната самоуправа, се со цел за да бидеме прво пензионерско Здружение во Републиката кое ќе има свој сопствен пензионерски дом. Затоа, искрено се надеваме дека оваа наша желба ќе ни се оствари во најскоро време со помош на долгогодишната добра соработка со локалната самоуправа, и градоначалникот на Општина Карпош, Стевче Јакимовски. Ова го поткрепуваме со дискусијата на оваа тема, на средбата одржана со нашиот градоначалник, како продолжување на соработката со локалната самоуправа, активирана на 20.12.2021 година. Во 2008 година пензионерското здружение Карпош, кое истовремено го носи и името на Општината, потпиша Спогодба за соработка со општината. Korиста од оваа соработка е донацијата во тоа време од Општината, од која дел е употребена за реновирање на седиштето на Здружението, како и на некои простории во ограноците. На 5.1.2013 година, кога ЗП Карпош со пригодна свеченост ја одбележа 35–годишнината од своето формирање, свое обраќање имаше градоначалникот Стевче Јакимовски, кој покрај честитката упати искрена желба да продолжиме со уште многу јубилеи, со добро здравје и активно стареење. Благодарни сме што Општината е нашиот сојузник и поддржувач во сите активности на нашето Здружение, – истакна претседателот Гиновски.

Телевизиската екипа на Канал 5 го посети и клубот на Здружението и разговараше со претседателите на ограноците и присутните членови кои ги претставија своите активности и задоложенија во ограноците.

**Душан Јовановиќ**



# Fondi solidar - ndihma pas vdekjes e shfrytëzuesve të pensionit

Shfrytëzuesit të pensionit, me pajtimin e tij, i ndalet pjesë nga pensioni për sigurimin e mjeteve të nevojshme për pagesën e ndihmës pas vdekjes për anëtarët e familjes së tij.

Mjetet për fondin solidar - ndihmës pas vdekjes, Fondi i sigurimit pensionist invalidor i RM i paguan në nën llogari të veçantë në kuadër të llogarisë trezore me shenjën "Mjete për fondin solidar - ndihma pas vdekjes për shfrytëzuesit e pensionit".

Procedura fillon me paraqitjen e kërkesës për pagesën e ndihmës pas vdekjes (fondi solidar) nga ana e anëtarit të familjes ose tjetër person i cili ka realizuar varrimin e shfrytëzuesit të pensionit. Kërkesa dërgohet deri te njësia rajonale e Shërbimit profesional të Fondit për sigurim pensionist - invalidor i RM, sipas të dhënave adresore ku është bërë pagesa e pensionit e shfrytëzuesit të pensionit deri në ditën e vdekjes.

Bashkangjitur me kërkesën bashkëngjiten edhe dokumentet në vijim:
- Certifikatë nga libri amë i të vdekurve;
- Çeku i fundit nga pensioni i fundit i personit të vdekur;
- Numri i llogarisë transaksionale i trashëgimtarit, ose personit për të cilin do të paguhen mjetet dhe
- Fatura për varrimin e kryer.

SHP Strugë

# Minir Mamudi nënkryetar i Këshillit Ekzekutiv



Sipas Statutit të SHP Strugë, për vendin e liruar para kohësh të vendit nënkryetar i Këshillit ekzekutiv të shoqatës, nga radhët e KE, është emëruar 75 vjeçari Minir Mamudi, lindur në fshatin Dellogozhdë, Strugë, i cili është anëtar i degës vendore të pensionistëve nga i njëjti fshat.

Shkollën fillore ka kryer në fshatin e tij të lindjes Dellogozhdë, ndërkaq shkollën e mesme të mësuesisë në Shkup në vitin 1966. Pas mbarimit të shkollës së mesme, punësohet në fshatin e tij si arsimtar i gjuhës frëngjishte. Më pastaj kryen Akademinë pedagogjike në Shkup, grupin biologji-kimi. Sërish punësohet në të njëjtën shkollë si arsimtar i biologjisë-kimisë. Në shkollë fillore në të cilën punon Mamudi, kryen disa funksione shkollore: kryetar i Këshillit, si dhe ndihmës drejtor në dy mandate, kur shkolla qendrore nga Dellogozhda përfshinte edhe shkollat periferike të fshatrave: Livadhi, Koroshishtë, Xhepin, Tateshi ë Epërm dhe i Poshtëm, Poum dhe Mislodezhdë.

Në vitin 2011 pensionohet dhe menjëherë aktivisht përfshihet në Shoqatën e pensionistëve Strugë, ku është zgjedhur si anëtar i Kuvendit dhe Këshillit ekzekutiv, ndërkaq tani edhe nënkryetar.

**S. Kukuneshovski**

SHP Strugë

# Xhamia e Larme në Tetovë

Xhamia e Larme në Tetovë është një ndër ndërtimet më të bukura që përfaqëson kulturën nga periudha osmane në Maqedoni. Sot, gjendet pranë lumit Pena (Shkumbini). Xhamia e Larme është e vetme në botë për arsye të dekorimit të jashtëm dhe ornamenteve në interier, përfaqësues i arkitekturës fetare islame. Për arsye të vlerave të sajë arkitektonike dhe artistike, objekti sot është shpallur për objekt trashëgimi e kulturore me rëndësi të veçantë, nënkategori ne rëndësia të veçantë.

Është ndërtuar kah fundi ik shekullit të 15, në vitin 1495, por pamjen e sotme e ka fituar 350 vite më vonë duke i falënderuar Abdurrahman-pashës. Paramendohet se remek-vepra e dhënë mijaçet taife të cilët kanë ndërtuar dhe zografisur.



Xhamia e Larme është shembull reprezentativ dhe realizim i vetëm artistik. Ka dekorim specifik, sidomos në brendësi. Me shekuj ky objekt e ruan funksionin e vet fetar, edukativ-arsimor dhe kulturor.

Xhamia e Larme, në aspekti kompozitiv është përbërë nga salla për lutje, hajat, minare, turbe dhe çezma me shenja mbi varre. Të gjitha janë të rrethuara me mure të ndërtuara me hapje - mukabe të mbuluara me qeramika. Hyrja kryesore në oborr të xhamisë është në perëndim, por ekzistojnë edhe dy hyrje, në juglindje dhe në anën veriore.

Brendësia ka formën e katrorit. Salla për lutje ka madhësi unikate dhe është e mbuluar me kube, e cila ndriçohet nga tridhjetë dritare të vëna 15 në pjesën e poshtme ndërkaq 15 në të sipërmen. Dekorimi është diçka i veçantë. Muret janë të zbukuruar me disa motive gjeometrike florale. Tyrbja është pjesë përbërëse i kompleksit. Është ndërtuar në shekullin e 16, si tyrbe e hapur.

Sipas vendimit të drejtorisë për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore, kompleksi është shpallur për objekt me rëndësi të veçantë për arsye të "vlerës së saj arkitektonike, ndërtimore, historike, artistike dhe dokumentare". Objekti është i veçantë për nga autentitetit i vet, unitetit, shumëllojshmërisë, integritetit, ruajtjes, vjetërsisë dhe përkatësisë. Për arsye të funksionit kulturorë dhe teknik, Xhamia e Larme është objekt me rëndësi kulturore, historike, artistike dhe teknike, shprehur përmes ndërtimit të saj, koncepcionit arkitektonik dhe organizimit funksional hapësinorë, ndikimet stilistike dhe elementet dekorative të fasadave, si dhe dekorimit të brendshëm piktoresk të bërë nga motive stilizuese gjeometrike të panumërta dhe arabeska në enterier dhe është dëshmi për një kohë e cila është me interes të gjerë për studim të kushteve ekonomike dhe kulturore-historike në vendin tonë.

**M. Damjanoska**

# Në gjysmë vjetorin e parë të vitit 2022 në Lidhje janë realizuar numër i madh aktivitetesh

Këshilli ekzekutiv i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, më datë 18.7.2022, ka mbajtur seancën e 32-të. Në seancë kanë marrë pjesë edhe m-r Ilija Adamoski kryetar i Kuvendit të Lidhjes, Mitre Stojanovski, kryetar i Këshillit mbikëqyrës dhe Zdravko Petkovski



kryetar i Komisionit për sport dhe rekreacion pranë LSHPM, ndërkaq me seancën ka drejtuar kryetarja e Këshillit ekzekutiv të Lidhjes, Stanka Trajkova.

Në seancë fillimisht është shqyrtuar Propozim-Raporti për të hyrat dhe të dalat financiare në Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë për periudhën janar - qershor të vitit 2022. Fjalën hyrëse për Raportin e ka dhënë sekretari i LSHPM, Menka Temelkovska e cila ka thënë:

- Në gjysmën e parë të këtij viti 2022, Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, aktivitetet e veta i ka orientuar për realizimin e qëllimeve programore të vërtetuara me Programin për punë në vitin 2022, si dhe në korniza të Planit financiar të vërtetuar për vitin 2022. Për realizimin e qëllimeve dhe detyrave në këtë periudhë, janë realizuar këto të hyra dhe të dala edhe atë:

1. GJITHSEJ TË HYRA 4.626.368 denarë
2. GJITHSEJ TË DALA 4.428.934 denarë

Rezultati pozitiv financiar në punën e Lidhjes, është tregues i faktit se në vitin 2022 të gjitha aktivitetet, janë realizuar në pajtim me Statutin dhe aktet tjera në Lidhje, edhe pse disa me përmbajtje të reduktuara për arsye të Pandemisë së virusit Kovid-19, si dhe për arsye të shfrytëzimit racional të mjeteve. Me mjetet e të hyrave janë mbuluar të dalat e përgjithshme dhe janë kryer qëllimet dhe detyrat e caktuara të parapara me Programin për punë të Lidhjes për vitin 2022. Pas diskutimit nga Propozim raporti i dorëzuar është sjellë konkluzion se mjetet janë shfrytëzuar në mënyrë ekonomike, në baza ligjore dhe në mënyrë racionale.

Më pastaj, kryetari i Komisionit për sport dhe rekreacion pranë KE të LSHPM, Zdravko Petkovski, ka dhënë Raport për garat e 26-ta sportive të mbajtura këtë vit me ç'rast ai ka thënë:

- Duke i falënderuar përvojës të fituar në vitet e kaluara, garat e 26-ta sportive regjionale pensioniste kaluan në nivel të kënaqshëm. Kësaj here, këto u mbajtën me program të reduktuar, duke përjashtuar disiplinat shah dhe tërheqje litari ku nuk mund të sigurohet distanca e duhur.

Garat regjionale në të gjitha 8 regjionet janë mbajtur nda 21 maj deri më 19 qershor 2022. Në garat regjionale të këtij viti kanë marrë pjesë 1 348 garues nga të cilët 804 meshkuj dhe 544 konkurrencë në femra edhe atë nga të gjitha 53 shoqatat, anëtare të LSHPM. Pjesëmarrësit kanë garuar në 9 disiplina sportive në 19 kategori. Në garat Republikane të cilat do të mbahen në shtator me rastin e Ditës së pensionistëve 20 shtator, do të paraqiten 38 shoqata pensionistësh të cilat kanë siguruar të drejtën për të marrë pjesë duke fituar vendet e para në garat regjionale. Këtë vit, në garat Republikane kanë pasur sukses të plasohen vetëm 38 shoqata, ndërkaq do të marrin pjesë gjithsej 280 garues nga të cilat 144 në konkurrencën meshkuj dhe 136 në atë femra.

Në Raport posaçërisht për tu theksuar është edhe fakti se në pjesën më të madhe të regjioneve në Garat regjionale ishin të pranishëm edhe krerët e komunave.

Në seancë është sjellë Vendim që Garat e 26-ta republikane sportive të mbahen në Ohër, në objektin Bilanini izvori, më 14 shtator 2022 me rastin e Ditës së pensionistëve 20 shtator.

Me propozim të Këshillit organizativ gjithashtu është vendosur që SHP Kisella Voda dhe SHP Kavadarci të paraqiten në Festivali e 21-të ndërkombëtar "Mosha e tretë e jetës" në Lubjanë, Republika e Sllovenisë si përfaqësues të Lidhjes. Delegacionin e Lidhjes do ta përbëjnë: Mentor Qoku nënkryetar i KE i LSHPM dhe d-r Dimitar Dimitrievski. Në seancë është sjellë Vendim edhe për mbështetje financiare të SHP Radovish dhe Konçe dhe SHP Koçan për organizim të takimeve masive pensioniste në Oreovicë dhe në Pantalej,dhe SHP Vinicë për takimin në Dragovashte.

**K. Slivovska - Andonova**

SHP Çair

# Ekskursion për tu mbajtur mend

Pensionistët nga Shoqata e pensionistëve Çair, gjithnjë e më tepër tregojnë interesim jo vetëm që të jenë pjesëmarrës në ekskursionet të cilat i organizon shoqata, por para së gjithash, që të njihen me vlerat kulturore-historike, posaçërisht kur është në pyetje udhëtimi në Republikë. Ashtu ishte edhe kësaj here. Mbi njëqind pensionistë morën pjesë në ekskursionin njëditësh nëpër bukuritë maqedonase, por edhe për atë që u është pak e panjohur, e cila është realizuar në fund të muajit qershor.

Sipas programit të ekskursionit, së pari është vizituar manastiri në Leshok në fshatin Leshok, në kompleksin e të cilit gjenden kisha "Sv. Atanasij" dhe "Sv. Bogorodica", si dhe varri dhe dhoma përkujtimore e Kiril Pejçinoviqit, rilindësit maqedonas nga shekulli i 19. Në Tetovë kanë vizituar ndërtesën më të bukur e cila përfaqëson kulturën nga periudha osmane në Maqedoni, Xhaminë e Larme. Me historik të shkurtër, përshkrim dhje rëndësinë e Xhamisë së Larme, e cila për arsye të vlerave të saja arkitektonike dhe artistike është shpallur për trashëgimi kulturore me interes të veçantë, pensionistëve ju ka shpjeguar Nurie Kadriu, anëtar i SHP Çair dhe anëtar i Komisionit për jetën kulturore-zbavitëse pranë LSHPM. Rrugën kanë vazhduar rrafshinave të bukura të Gostivarit dhe pjesët e larta malore prej nga zbulohen pamje të cilat mahnitin me bukurit e tyre. Rreth drekës arritën në vendin e njohur jo të largët turistik Mavrovski anovi (Hanet mavroviane). Atje, pos shëtitjes përreth Liqenit të Mavrovës, u freskuan dhe pushuan.



Në kthim, pensionistët e SHP Çair, përmes Leunovës, arritën dhe bënë pushim për shpirtin dhe sytë në fshatin Vrutok, i cili është vendosur në rrëzën e Malit Sharr. Ky është atraksioni më i rëndësishëm turistik dhe vendi prej nga buron dhe fillon rrugën e tij, lumi Vardar. Ishte kjo një ditë e kaluar bukur, mbushur me njohuri për bukurit e vendit tonë.

**V. Paçemski**

SHP Saraj

# Ekskursion njëditësh në Peshkopi - R. e Shqipërisë

Pas një pauze rreth dy vitesh për arsye të Kovid - 19, kohë më parë më saktësisht më 25.05.2022 (e martë), Shoqata e pensionistëve Saraj, realizoj një ekskursion njëditësh në Peshkopi - qytet në veri-lindje të R. së Shqipërisë. Nisja për në Peshkopi u bë në ora 7:00 dhe në të morën pjesë 172 pensionistë, tre autobusë dhe një kombe me gra nga Aktivi i grave pensioniste pranë shoqatës në krye me kryetaren Zulfije Ramadani.

Për arsye të numrit relativisht të madh të pjesëmarrësve në këtë ekskursion dhe për arsye të rrugës së gjatë, Shoqata siguroi dhe morën pjesë: mjeku Jovan Deçkov i cili njëherësh është edhe anëtar i KE (këto ditë i ndjerë) dhe dy motrat e medicinës Sherife Dauti dhe Sihana Bekiri të cilat janë të angazhuara nga Kryqi i kuq në Qendrën ditore për persona pleq dhe ndihmë në kushte shtëpiake, qendër e cila shfrytëzohet edhe për klub të shoqatës.

Në këtë ekskursion pati pensionist të cilët së pariherë udhëtonin për në Peshkopi. Kafeja e parë u pi në kafehanet në Mavrovë. Pas një pauze të shkurtër, rrugëtimi vazhdoj grykës së Radikës e cila siç dihet është shumë mahnitëse sidomos për ata të cilët së pari herë kalonin këtë rrugë. Disa pensionistë ja krisën këngës "Hajredin Pasha po na vjen Radikës"...

Me të arritur në qendër të Peshkopisë, pensionistët u ndanë në grupe dhe sipas dëshirës vizituan këtë qytet të bukur. Ndër të tjera ata vizituan: Pallatin e kulturës, Hotelin Termal, Xhamitë, Muzeun e Dibrës, burimet e ujërave minerale etj. Gjithsesi se gjatë vizitës së qytetit nuk u harrua të pihej edhe kafeja.



Kthimi nga Peshkopia u bë në ora 15:00. Pensionistët mbetën shumë të kënaqur nga ky ekskursion dhe mbetën me dëshirë që të shkojnë edhe në ekskursione të tjera.

**B.B.**

ЗП Кисела Вода

# Роденден на општината и Културно лето 2022

На 29 јуни 2022 во скопската општина Кисела Вода свечено се одбележуваше денот на нејзиното основање. Се славеше 67–миот роденден кој го одбележаа многу жители и пензионери. Четири дена во општината, за првпат се одржуваше културно лето со многу дружења, приредби и културно–уметнички манифестации. Четири дена во овие топли летни вечери, во присуство на многу посетители, се одржаа музички настани во парковите Македонија, Шопен, платото Расадник и излетничкото место Три Круши во Драчево.



На многубројните присутни граѓани, поканети гости, пензионери и многу младинци со пригодни зборови се обратија г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на општината и г. Момчило Петровиќ, претседател на ЗП Кисела Вода. Акцент се даде на успешната меѓусебна соработка која трае долго време на повеќе полиња, и за желбата таа да продолжи. Момчило Петровиќ посебно ја нагласи помошта и грижата која Општина Кисела Вода ја дава на пензионерите, како опрема во клубовите, реализација на спортски активности, учество на ревии на народна музика, песни и ора. За успешната заедничка соработка тој му врачи благодарница на градоначалникот.



Во одбележување на овие свечености, активно учество зеде и пензионерското здружение Кисела Вода. Настапија со организирана музичка програма и богата хуманитарна акција. Во културно–уметничката програма изведена пред многу посетители од околните згради и гости се слушна богата музичка презентација од народна музика, песни и ора.

Учествуваше фолклорна група на пензионери облечени во живописни народни носии. Пееја соло–пејачи, дуети и групи.

Хуманитарната акција опфати продажба на домашни тестенини и производи, подготвени од членки на клубовите Кисела Вода, Цветан Димов, Пинтија, с. Драчево, н. Драчево, Црниче, 11 Октомври – згради и 11 Октомври – бараки. За симболични цени се нудеа благи и солени производи, пити, колачи, погачи, мекици и друго, се убаво подготвено и вкусно со максимално почитување на хигиенските прописи. Собраните парични средства комисиски беа регистрирани и наменети како хуманитарна помош каде што е најпотребно.

До длабоко во ноќта се слушаше музика и весело заедничко дружење.

**Василка Топаловска**

ЗП Куманово

# Нова манифестација „Пензионерска златна свадба“

Во ЗП Куманово на 8.6.2022 год. се одржа манифестација насловена како „Пензионерска златна свадба“. Организатор на манифестацијата е „Активот на пензионерки“ при здружението чиј претседател е Зора Ивановска. Ваква манифестација се



одржува за прв пат во здружението, како и во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, чија членка е ЗП Куманово. Секако дека оваа замисла не би се реализирала без несебичната помош и поддршка на раководството на здружението и претседателот Благе Јакимовски.

На почетокот пред присутните, беше прочитана честитка во писмена форма со која успех на манифестацијата и посака Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ.

Потоа следеше обраќање на претседателот на ЗП Куманово Благе Јакимовски, а веднаш по него присутните ги поздрави и претседателката на Активот на пензионерки при ЗП Куманово, Зора Ивановска.

На манифестацијата, на текст од Љиљана Тричковиќ беше изведен краток скеч насловен како „Да идемо на пензионерску златну свадбу“ во кој настапија: Зора Ивановска во улога на Мима, Слаѓана Трајковска како Злата, Ротка Јакимовска како Вера и Љиљана Тричковиќ како Цица.

Потоа се заигра „златно оро“ на кое играа и пееја дваесет и двајца славеници.

Сите се надеваат дека оваа манифестација ќе стане традиционална и секоја година заеднички ќе прославуваат тие што слават 50 години, заеднички живот поминат во брак. **Љ.Т.**

ЗП Демир Хисар – Разговор со Зоран Стевановски, претседател на ОО Црвен крст Демир Хисар

# Најмладиот претседател на Црвениот крст

Хуманоста не се кажува, туку се покажува и докажува и реално, искрено и од срце се практикува. Таа е одлика на луѓето со широка и чиста душа, со отворено и вдахновено срце, со весели и јасни мисли и благороден и искрен ум. Хуманоста е врвна вредност на пиедесталот на вредности и морални норми на оние луѓе кои искрено, недвосмислено и недвојбено умеат и сакаат да поддадат рака секому кому му е потребна.

Кога станува збор за највредносната човечка особина, Здружението на пензионери Демир Хисар има со што да се пофали. Имено, можеби за првпат во работењето и функционирањето на здруженијата на пензионери, за претседател на Општинската организација на Црвен крст Демир Хисар и за делегат во Собранието на Црвениот крст на РСМ, е избран Зоран Стевановски, административно–техничко лице и долги години вработен во Здружението на пензионери Демир Хисар.




– Голема е одговорноста да се работи во организација како што е Црвениот крст и во интерес на заедницата. Во Програмата за работа за период 2022–2026 год. имам ставено приоритет на најранливите категории на граѓани и социјално–загрозените лица во Општина Демир Хисар, а голем дел од активностите посветувам и на пензионерите, тука мислам, пред сè, на продолжување на Проектот „Нега центар“ за помош и нега на стари лица во домашни услови. Следниот месец, со работа почнуваат уште 4 негувателки, со што ќе го комплетираме тимот од 11 даватели на услуга кај повеќе од 40 стари лица – ни вели Стевановски.

Честа, задоволството и гордоста на 1 500 демирхисарски пензионери е дотолку поголема што во своите редови имаат ваков алтруист, космополит и филантроп, човек кој бара и апелира за помош, човек кој искрено и без скрупули умее да сака, да дава, да помага...

– Јас и приватно како човек, немам никакви предрасуди спрема никој и никого. И понатаму ќе апелирам на помасовно вклучување на заедницата во сите активности и процеси на Црвениот крст, а со тоа сите ние ќе покажеме дека солидарноста не е изгубена, живее и тлее во сите нас, само треба малку да се „размрда“ и дури тогаш сите ние ќе видиме како летвичката веднаш ќе оди едно скалило погоре – оптимистички ни вели Стевановски.

После добиената согласност од Централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ, на состанокот на раководството на ЗП Демир Хисар, претседателот Кирило Блажевски истакна:

– Зоран го знаеме како скромен, искрен, морално и вредносно изграден, кој слободното време го посветува служејќи и на заедницата во која живее и твори, служејќи им на оние кои побарале помош и на кои им е потребна истата. Тој е синоним за несебичност, доброта, пожртвуваност, искреност и хуманост, а тоа е врвен приоритет на луѓе кои ги краси добрина, позитивност и правичност кои чесно и возљубено даваат, без возврат и безрезервно.

– Со мојот избор, за оваа навистина голема и благородна функција, ОО Црвен крст Демир Хисар, заедно со ЗП Демир Хисар и СЗПМ, час поскоро ќе почне со реализација на сегменти од Програмата на Министерството за труд и социјална политика за финансирање на Програмски активности на Црвениот крст кои се однесуваат на лицата од третата доба, за отворање на сервиси за помош и нега на стари лица, центри за едукација на возрасни за лични асистенти на пензионери, дневни центри и клубови за стари лица, одбележување на Меѓународен ден на стари лица и Недела на грижа за старите лица, Сервис за стари лица во домашни услови – Итно копче и уште многу други активности кои се во интерес на пензионерите – со гордост ни вели најмладиот избран претседател на Црвениот крст.

Хуманоста е одлика на силните, на карактерните, на емотивните, на рационалните и оние кои ја поседуваат и покажуваат може да се наречат луѓе во вистинска смисла на зборот и да го носат епитетот човек. **С. З.**

ЗП Свети Николе

# Исполнет пензионерски живот

Пензионерите и повозрасните луѓе имаат потреба, а и желба за дружење, за излети со своите најмили, децата и внучињата, со блиските пријатели, роднини, за веселби, за исполнет живот. Понекогаш е многу тешко да си повозрасен – стар.

Пензионерите и старите луѓе треба да добијат и да имаат достоинствен третман во општеството. За тоа, покрај другите институции, се грижи и СЗПМ и секое од 53–те здруженија на пензионерите, членки на Сојузот.

И нашето Здружение на пензионери од Свети Николе води грижа за сите сегменти од животот на луѓето од третата доба. Посебно се обрнува внимание на социјално загрозените членови на кои им се помага во зависност на потребите, но и од можностите на здружението. За да им го разубави животот нашето здружение организира посети на манастири, излетнички места, историски места и друго. Одѕивот на пензионери е голем, заради тоа и активностите кои се реализираат се и оправдани. Меѓу многубројните активни пензионерки во Активот на пензионерки при здружението е и Зорица Петрова, која пред пензионирањето била учителка. Некои нејзини ученици станале високообразовни и познати луѓе. Таа била омилена, хумана и почитувана учителка, заради што е горда и среќна. Зорица со задоволство прифати своето искуство во здружението да го сподели со читателите на нашиот весник „Пензионер плус“. Еве што ни раскажа:

– Како учителка се пронајдов себе си. Работев успешно и со љубов. Ги сакав дечињата, а и тие мене. Во пензија заминав среќна и првите пензионерски години ги посветив на моето семејство, како и секоја баба посебно на моите четири внучиња. Другите околности ме примораа пак да сум повеќе дома отколку да се дружам со колешките пензионерки. Од пред 4–5 години станав вистинска пензионерка. Редовен и активен член сум во Активот на пензионерки при нашето здружение. Бев на многу екскурзии, кои ги организира здружението, а присуствувам и на сите манифестации кои ги организира здружението и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На нив се среќавав со старите пријатели и колеги од работа, речиси од сите краишта од нашата земја. На екскурзиите кои ги организира здружението првпат ги имам посетено некои наши манастири и излетнички места, а некои ги посетив по втор или трет пат. На покана на ЗП Пробиштип на манифестацијата „Зелникот на баба“ и нашето здружение учествуваше. Со претседателката на Активот Светлана Иванова и со неколку пензионерки од нашиот Актив и на огранок од с. Горобинци учествувавме на овој атрактивен етнонастан. Манифестацијата ќе ни остане долго во сеќавање заради дружењето, квалитетот на самиот настан, интересните содржини, а особено што имаше хуманитарен карактер. Нашите сукани изработки од тесто ги продадовме на парче, а сите собрани парични средства се наменети во хуманитарни цели. Учествуваме и на манифестација „Блакцето на баба“ што го организираше ЗП Велес. Се претставивме со неколку видови колачи, кои ги изработија, по стари рецепти пензионерки од нашиот Актив. Со овие и слични манифестации се докажува значењето за постоењето на Активот на пензионерките. Тие настани и доживувања не се заборават. Такво беше и нашето учество на здружението во Македонска Каменица во село Цера, на местото викано Еленац. Оваа година учествувавме на регионални спортски натпревари, како и на Регионалната ревија на песни, музика и ора од регионот во кој припаѓа нашето здружение.

Времето неумоливо минува. Кога староста ќе навлезе во нашите животи, кога на патеката по која чекориме и се наѕира крајот, убаво е да се дружиме со своите врсници со кои имаме заеднички интерес и желби и многу теми за разговор кои нас нè засегаат. Здружението ни дава можност заедно да спортуваме, да се искажеме на културно поле преку пишување поезија и проза, преку сликање... Убаво е што постојат здруженијата на пензионери. Многу ми значи членувањето во здружението. Животот ми е побогат, интересен, забавен и позитивно исполнет. Жал ми е што одредени околности во животот не ми дозволија уште порано да се активирам.

**Покрај членување во активностите во здружението, на што уште го посветувате слободното време?**

– Најнапред со моето семејство. Читам книги, а имам мини–музеј со традиционални овчеполски носии, килими предмети од домаќинство, стари и по сто години. Се радувам кога ќе додадам некој предмет. Исто така, сакам да креирам и реализирам мои креации за облекување. Најчесто носам тоа што сама ќе го креирам и сошијам. За се што сакам да правам сега имам доволно време, а и да се посветам и на самата себе. Иако сум во третата доба и понатаму се трудам да се едуцирам.

Зорица навистина знае да ужива во животот. Заради тоа и е и исполнет.

**Вукица Петрушева**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Излет до Велешко Езеро и до Велес

Одморот и рекреацијата на пензионерите зазема заслужено место во програмата на СЗПМ и на здруженијата. Така е и со ЗП Тафталиџе ДДД од Карпош. Еднодневните посети на знаменити места овозможуваат лицата од третата доба да се рекреираат, да се дружат и да запознаат нови убави предели и места во нашата земја.

– Тоа ги мотивира членовите на ова здружение да учествуваат на многу манифестации, како што беа Републичката и Регионалната ревија на песни, музика и игри и регионалните спортски натпревари на пензионерите. – вели Димитрија Димовски, претседател на ЗП Тафталиџе ДДД.

Во рамките на ваквата определба неодамна беше организирана еднодневна посета на Велешко Езеро и на Велес. Стотина пензионерки и пензионери, најпрвин го посетија Велешко Езеро и им се восхитуваа на неговите природни убавини, а потоа се упатија кон градот на гемиџиите, градот на Васил Главинов и на Кочо Рацин.



– По изнудениот „домашен притвор“ поради епидемијата, овој излет го доживеав како вреден подарок од природата. Јас бев посебно среќна што го посетивме мојот роден град. Езерото ни ги подари своите убавини, а доживувањата ги збогати посетата на Велес, при што најмногу не одушевија фреските во црквата „Св. Кирил и Методиј“. Оваа посета ме врати во мојата младост, – вели Олгица Георгиева.

Слични впечатоци носи и Борислава Ивановска, секретар на огранокот Влае. Таа истакна дека пензионерите од овој огранок редовно и масовно учествуваат во сите активности на ЗП Тафталиџе ДДД. За неа посетата на Велешко Езеро и на Велес, беше пријатно доживување.

Позитивни импресии од овој излет носи и Верка Смилковска, претседателка на огранокот Владо Тасевски.

– На езерото се задржавме кратко, а потоа се упативме кон Велес. Се одморивме во паркот, каде што во релаксирана атмосфера разговаравме и се шегувавме. Во Скопје се вративме побогати за едно доживување во природа, со нови знаења за Велес, – вели Верка позната активистка и хуманитарка. **П. Миленкоски**



Кредит за пензионери до 75 години
До 160 000. на 36 месеци
Месечна рата 2 608 денари
Земи 40 000 денари
Рок на отплата 24 рати
Аплицирај за кеш кредит во експозитура, на www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Ние ќе ти помогнеме при аплицирањето. Парите се достапни за 15 минути.
iutecredit




Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## Цитати на Јохан Волфганг Вон Гете

1. Човекот секој ден од својот живот, треба да слуша по малку музика, да чита малку поезија и да погледне убава слика, со цел световните грижи да не му го уништат чувството за убавина кое што Бог го вградил во душата на човекот.
2. Душата која ја гледа убавината треба понекогаш да биде сама.
3. Убавината е секогаш добредојдена.
4. Убавината е манифестација на скриените закони на природата, кои инаку би останале сокриени од нас засекогаш.
5. Идеалот на убавината е едноставноста и смиреноста.
6. Ако кон некого се однесувате според тоа што е, тој ќе остане таков каков што е. Но ако се однесувате кон него каков што би требало и би можел да биде, тој ќе стане таков каков што би требало и би можел да биде.
7. На полезното мора да му се овозможи да напредува, оти сите имаат потреба од него, а убавото мора посебно да се охрабрува, оти малкумина можат да го претставаат, додека сите имаат потреба од него.
8. Убавото е поголемо од Доброто, бидејќи го вклучува Доброто.
9. Убавината е истовремено и највисок принцип и највисока цел на уметноста.
10. Убавината исчезнува; доблеста е трајна.
11. Се додека имаш доверба во себе, ќе знаеш како да живееш.
12. Човекот во светот го гледа тоа што го носи во срцето.
13. Нема ништо пострашно од незнаењето на дело.
14. Секој ден човек треба да слушне барем една добра песна, да прочита барем една поема, да види убава слика и ако е можно, да каже неколку разумни збора.
15. Никој не е толку безнадежно поробен како оние кои лажно веруваат дека се слободни.
16. Нема ништо полошо од агресивната глупост.
17. Тие што не знаат ништо за другите јазици, ни својот не го познаваат.
18. Животот им припаѓа на живите, и тој кој живее мора да е подготвен за промени.
19. Човекот го слуша само тоа што го разбира.
20. Да се размислува е лесно. Тешко е да се дејствува. Но најтешко на светот е да се дејствува во согласност со вашето размислување.
21. Сè што можете да го направите, или за кое мечтаете да би можеле, започнете го. Храброста ги има генијот, моќта и магијата во самата себе.
22. Го освоив тоа срце, таа благородна душа во чиешто присуство станував поголем отколку што навистина бев, бидејќи јас бев сè што можев да бидам.
23. Учиме преку грешките.
24. Лесно можете да го процените нечиј карактер по тоа како тој се однесува кон луѓето кои за него не можат да сторат ништо.
25. Не мора да посетиме лудница за да наидеме на нарушени умови. Нашата планета е лудницата на вселената. **Маја Белева**

## КРСТОЗБОР




**Решење:** Алек Болдвин, мат, репортери, акери, оливер, тортура, метанол, реомири, аџа лукас, спада, илос, бастуни, т, з, а, арт, овој, р, деметра, арваки, целулоид, кањони,бисер, ос, не, ила, е, котрани, лет, наима, а, етер, танец, немири, рене.

## Хумор

Цветко оди на пазар:
– Колку ви е беровското сирење?
– 380 денари килограм.
– Скапо од карши е 320.
– Па земи од таму.
– Е па нема.
– Ние коа немаме кај нас е 250 денари...

* * *

Постојат 2 вида на арамии:
1. Аматер: – Парите или животот!!!
2. Професионалец: – Потпиши се тука, тука и тука...

* * *

Трпе му вели на Цветко:
– Паметна жена знае кога да заќути!
– Знае ама не може.

* * *

– Ало тато, пукна гумата, не знам што да правам! Му ѕвонам на дечко ми не се јавува!!
– Резервата каде ти е?
– И тој не се јавува!!!

* * *

Вратија се муж од Авганистан и проверуе да ли га варала жена.
– Сине, беше ли некој чичко док не беше ја туј?
– Не, тато.
– А чоколаду даде ли ти?
– Даде...

* * *

– Зете кога ке умрам сакам да ме кремирате.
– Ама се уште немаме крематориум.
– Е добро де, ќе чекам!

* * *

Трпе го прашува Цветко:
– Сакаш жени што се нервозни?
– Не.
– А жени кои 'рчат додека спијат.
– Бог да чува!
– Е па што тогаш и се пушташ на жена ми!?

* * *

– Имате ли образование?
– Не.
– А искуство?
– Не.
– А желба за работа?
– Не.
– А што имате?
– Партиска книшка!
– Па што не кажеш. Примен сте!

* * *

Се враќа Трпана од работа видно растревожена и му се жали на Трпе:
– Директорот ми се пушташе денес ветувајќи ми нови чизми!
– Какви чизми ма?!
– Еве овие...

* * *

Трпе ја прашува Трпана:
– Жено, кој ти е овој што на секоја објава ти става срце?
– А, па тоа ми е кардиологот.

* * *

Трпе пробува дуксер во бутик, а продавачката го гледа и му вика:
– Мислам дека ви е голем.
Трпе ја погледнува под око и и вика:
– Добро мислите, девојко!

* * *

Цветко го прашува Трпе:
– Како дозна дека жена ти има швалер?
– И кажав виц и слушам некој во плакарот се смее.

## Рибарот свирач

Некој рибар многу убаво свирел на кавал. Така еден ден застанал на брегот и почнал да свири мислејќи дека кога ќе слушнат рибите сите ќе нарипаат во мрежата. Свирел, свирел, ама мрежата останала празна.

Видел–невидел, престанал да свири и ја фрлил мрежата во водата за да фати некоја рипка.

Кога ја извлекол мрежата на брегот рибите во мрежата се прпелкале и рипкале.

– Чудни некои риби сега играат, а кога им свирев нигде ги немаше!



ЗП Прилеп

## Секое комбе - туристичка организација

Пандемијата на Ковид–19 во минатите две години си го направи своето. Посебно се намалија екскурзиите. Во плановите на секое здружение беа планирани екскурзии за членовите – пензионери, но се разбира со напомена ако дозволат здравствените мерки предизвикани од навистина опасната пандемија, посебно за возрасните луѓе. И, така сега кога веќе попушти, се одржаа и традиционални собири. Меѓутоа, во напливот да се заработи, или да се прошета на сметка на другите скоро секојдневно, барем така е во Прилеп, разни организации, здруженија, или групи, а посебно поединци во името на веќе „испуштеното“ за време на двегодишната пауза, се договараат со сопствениците на комбиња, минибуси, и цели автобуси и заминуваат до некое излетничко место. Тоа е така, што би се рекло патување на „диво“ и можност само и само да се излезе од кое било населено место. Така некако му доаѓа дека секое комбе како да е туристичка организација.

Така е и во Прилеп. Според програмата на Комисијата за одмор и рекреација во текот на оваа година се планирани 8 екскурзии во Македонија, една во странство и се знае организиран одмор на брегот на Охридското езеро. Според зборовите на претседателот на оваа комисија Миле Трпкоски, досега се реализирани повеќе екскурзии.

– Наши екскурзијанти беа до Јагодина во соседна Србија, организиравме голем пензионерски пикник со 6 автобуси до манастирот во село Прилепец, а направен е распоред и се знае кој ќе мине десетдневен одмор на брегот на Охридското Езеро. Разликата од организацијата на екскурзиите во наша режија и оние што овде–онде ги организираат поединци е голема. На нашите патувања секогаш пензионерите ги следи и лекар и не се патува „диво“ само заради да се заработат пари. Ние не сме туристичка организација, но нашето здружение секоја година на ограноците им овозможува да си организираат екскурзија, според заинтересираноста на членовите. За патувањето со еден автобус патувањето им го плаќа ЗП Прилеп. Ние сме Комисија за одмор и рекреација во Здружението и наша цел е дружењето, а не заработката. Нашите членови плаќаат по минимални суми за патувањата, а разликата во средства ги доплаќа нашето здружение. – Трпкоски не им препорачува на членовите на ЗП Прилеп да патуваат со комбиња, мини автобуси и автобуси, посебно без придружба на лекар, заштото сепак треба да се води сметка дека нашите членови се во категоријата на ризична група граѓани.

К.Р.

ЗП Штип

## Доделена помош на пензионери со ниски пензии




Согледувајќи ја тешката состојба, посебно за пензионерите со ниски пензии, ЗП Штип се вклучи во проектот „2022 гонина на рурален пензионер“ со доделување на пакети на производи, кои ги содржат основните производи, а во градската средина беа делени ваучери.

– Во јуни беа посетени пензионерите од планинските села од Плачковица, Аргулица, Кепекчелија, Ебиблија, Калузлија, Кучица, кеде што живее претежно турско население и беа поделени десет пакети. Претходно беше посетено селото Пиперово, а проектот ќе продолжи до крајот на годината. Во претходниот период, во градската средина во Штип, беа поделени ваучери со вредност од 1.000 денари, и помош од 1.000 денари за сметки за вода на 270 пензионери со ниски пензии до 10.200 денари. Беа доделени и ваучери од 1.000 денари за храна на болни и загрозени пензионери, по препорака на ограноците, – вели првиот човек на Здружението Ристо Нетков.

На 26.6.2022 година се организираше и екскурзија за 168 активни пензионери „Запознај ги убавините и развојот на руралните средини“, со посета на знаменитости на планината Плачковица.

Планината Плачковица крие вистинско културно богатство. На екскурзијата, пензионерите го посетија прекрасниот манастирски комплекс на цркви со лековити води и фабриката за конзервирање зеленчук и овошје во село Аргулица. Го разгледаа и археолошкиот локалитет „Баргала“ кој со археолошките ископини ги враќа времињата на древната Акропола, со сите нишани на животот во тоа далечно време. Во кonaците на црквата Свети Ѓорѓи, пензионерите уживаа во жуборот на Козјачка Река. Го посетија и Планинарскиот дом и детскoто одморалиште на врвот на Плачковица, која пружа прекрасна глетка и мирис на планински чај.

Убава и незаборавна прошетка

Цвета Спасикова

ЗП Велес

## Одржана манифестација „Пензионерите пеат“

Пред повеќе години на иницијатива на раководствата на здруженијата на пензионери од петтиот регион (Повардариeто) беа удрени темелите на Регионалната културна манифестација „Пензионерите пеат“. На оваа регионална манифестација на 15 јуни учествуваа здруженијата на пензионери од Велес, Богданци, Валандово, Гевгелија, Неготино, Демир Капија, Кавадарци и Битола.



На Манифестацијата пејачките и фолклорните групи настапија со изворни македонски ора и песни кои придонесоа сите да уживаат и да им се восхитуваат на прекрасните изведби.

Дружењето продолжи и понатаму. Денот помина со желба за понатамошни средби и дружења.

Н. Алексоска

Охрид

## Одбележано 60 години матура

На 11.06.2022 година во Охрид се одржа генерациска средба по повод одбележување на 60 години од матурата и завршување на четвртата генерација на ученици во учебната 1961/62 година во екомското средно училиште „Мите Богоевски“ во Охрид. Првата генерација започна во учебната 1955/56 година и се учеше во зградата на гимназијата во Охрид. Учебната 1961/62 година започна со четири паралелки од кои (А, Б, В, и Г) беа економска насока, а петтата (Д) беше од угостителска струка. Прво запишани во сите паралелки беа вкупно 186 ученици. Запишани во четврта година во учебната 1961/62 година беа вкупно 111 ученици од кои 7 повторуваа, односно завршија 104 ученика. Во изминатиот период генерацијата 1961/62 одржаа пет средби по повод навршени 10, 50, 52, 55 и сега 60 години. Интересот за присуство на сите средби беше голем. На средбата на 11.06.2022 год. утврдивме дека живи од генерацијата, се околу 55 лица, но на средбата по повод 60 годишнината беа само 13 ученика. На фотографијата од лево на десно се: Маркоски Иван, Снегарова Климентина, Стојанов Анастас, Ќосева Кнегиња, Групчев Љупчо, Стојкоски Димитар – лепи, Митрески Трајан, Ѓоргиеска Николина, Ѓорѓиоски Наум, Келешоски Глигор, Колоски Златe, а поради доцнење на фотографијата не се Ставрески Наум, Стојкоски Бошко и Тренески Ставре.



Димитар Стојкоски - Лепи

ЗП Сарај

## Еднодневна екскурзија во Пешкопеја

По една пауза од околу две години поради Ковид – 19, неодамна, Здружението на пензионерите Сарај, реализираше еднодневна екскурзија во градот Пешкопеја – град на север – исток на Р. Албанија. Тргнувањето за Пешкопеја започна во 7:00 часот на кое учествуваа 172 пензионери, три автобуси и едно комбе со жени од Активот на пензионерките при здружението на чело со претседателката Зулфије Рамадани.

Поради релативно големиот број на учесници на оваа екскурзија и поради долгиот пат, Здружението обезбеди и учество на: лекарот Јован Дечков кој е и член на ИО при здружението (скоро починат) и две медицински сестри Шерифе Даути и Сихана Бекири, сестри кои се ангажирани од страна на Црвениот крст во Дневниот центар за престој на стари лица и помош во домашни услови, центар кој воедно служи и како клуб на пензионерите. На оваа екскурзија имаше пензионери кои за прв пат патуваат за Пешкопеја. Првото кафе се пиеше кај кафеаните во Маврово. По една кратка пауза, патувањето продолжи по клисурата на Радика која како што се знае многу восхитува посебно за оние кои за прв пат го минуваат овој пат. Некои пензионери ја започна песната „Хајредин Паша ни доаѓа по Радика“...

Со пристигнувањето во Пешкопеја, пензионерите се поделија во групи и според желба го разгледаа овој убав град. Покрај другото тие ги посетија: Домот на културата, Хотелот Термал, Џамиите, Дебарскиот музеј, изворите на минералните води и др. Секако дека при посета на градот не се заборави да се испие и кафето. Враќањето од Пешкопеја беше во 15:00 часот. Пензионерите беа многу задоволни од оваа екскурзија и останаа со желба да одат и на други екскурзии.

Б.Б.

ЗП Крива Паланка

## Грижа за лицата од третата доба

Покрај тоа што здружението на пензионери Крива Паланка води грижа за здравјето на пензионерите и ОО на Црвениот крст при Крива Паланка се вклучува со цел, лицата од третата доба да имаат активно и здраво стареење. За тоа организираат разни работилници и предавања со еминентни стручни лица.

Овој пат, Црвениот крст има изработено проект за „Здраво стареење“, кој успешно се имплементира од страна на ОО на Црвениот крст на Крива Паланка. Проектот е поддржан од Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Црвениот крст на Република Северна Македонија и ОО на Црвениот крст на Крива Паланка, а воедно и таа е носител на проектот за одржување на работилница. Работилницата беше одржана во просториите на ОО на Црвен Крст на Крива Паланка. Темата беше „Подигање на свеста за превенција и навремено дијагностицирање на дијабетот како тивок убиец на човечкиот организам“. Предавач на работилницата беше д–р Горан Крстевски, специјалист по општа и семејна медицина. Сето тоа на работилницата, за подигање свеста за дијабетесот и последиците од него, дополнително беа презентирани некои проблеми со кои се соочуват, со појаснување на видео–бим. Одзивот беше на ниво од страна на лицата од третата доба и беа опфатени пензионерите на Општина Крива Паланка.



Преку здружението пензионерите беа известени за работилницата која се одржа на 30 јуни 2022 година, а тоа се должи на добрата соработка што ја имаат ЗП Крива Паланка и ОО на Црвен крст на Крива Паланка. Потоа од страна на обучени волонтери на Црвениот крст, на секој присутен на работилницата му беше мерено гликемија (шеќер во крвта) и притисок. Воедно пензионерите беа советувани за значењето за редовно земање на терапијата која им е препорачана од матичниот лекар.

Б. Стојчевска

ЗП Гевгелија

## Хуманитарна помош и други активности

Пензионерите во руралните средини не се заборавени. Здружението на пензионери Гевгелија и активот на пензионерки секогаш се трудат пензионерите во руралните средини да не бидат заборавени. По повод државни или религиозни празници, согласно програмата за работа на здружението на пензионери Гевгелија, секогаш се донираат хуманитарни пакети на болни, изнемоштени и социјално загрозени пензионери.



Оваа година, која е прогласена за година на „Рурален пензионер“, во месец јули беа посетени пензионерите Ангел Ристов од село Ново Конско, кој живее во многу лоши услови, му беше донирано облека и пакет со прехранбени продукти. Во село Кованец на пензионерката Калина Стојанова која е во тешка здравствена состојба и е донирано пакет со прехранбени продукти и постелнина. Додека во село Давидово на една фамилија и е донирано пакет со прехранбени продукти и ќебе.

Сите тие се соочуваат со разни социјални проблеми и беа благодарни што некој ги посетил. Во наредниот период ќе продолжи посетата на пензионери и во други рурални средини.

Пензионерите од ЗП Гевгелија, по подолга пауза поради пандемијата, оваа година изведоа повеќе екскурзии. Во месец мај, група од 150 пензионери заминаа на екскурзија на СмоларскитеВодопади и на Лебедово Езеро. Додека пак, во месец јули 100 пензионери заминаа на екскурзија до Македонска Каменица во местото Цера, каде што присуствуваа на манифестацијата „Бабина баница“.

Околу стотина пензионери на деветти јули, присуствуваа на отворањето на летната туристичка сезона во Дојран, кои беа воодушевени и задоволни од доживеаното, посакаа да се организираат почесто вакви екскурзии.

Покрај екскурзиите, во здружението имаше и други активности. Така, општинскиот Црвен крст, на единаесетти јули одржа работилница пред поголем број пензионери. Тема на предавањето на работилницата беше шеќерната болест, а по завршувањето беа поставени повеќе прашања на кои добија соодветни одговори. На крајот учесниците на работилницата беа известени дека на 25 јули, ќе се одржи друга работилница на друга тема.

Јанка Узунова

## Генерациско среќавање

Генерацијата матуранти од 1967 година, машински и електро терхничари, на 31 Мај 2022 година се собраа заедничи да ја одбележат 55 годишнината од матурирањето. Тоа се средношколците кои во далечната 1967 година произлегоа од тогашниот Училишен центар за образование на Рудници и Железарница „Скопје“ од Скопје, сега гимназијата „Панче Арсовски“ во Автокоманда.

На почетокот на средбата со едноминутно молчење им беше оддадена почит на девет наши другари и колеги кои веќе не се меѓу нас.

– Средбата беше многу пријатна, бидејќи се сретнавме по пет години. Сите присутни беа пензионери, генерациски во осмата деценија, со бели коси и без нив. Се потсетивме на многу пријатни моменти и будалаштини што тогаш сме ги правеле. На крајот од средбата се договоривме наредните години секоја година да се среќаваме на истиот ден, во исто време и на исто место.



Тодор Илиев